Co-funded by
the European Union

YOUTH DIGITAL PARTICIPATION NEUEYT





# ГЛОБАЛНА РАМКА НА
# НА ИНИЦИЈАТИВИ

# Глобална рамка на иницијативи

# Нова Рамка за демократско учество и Ангажманна Недоволно Застепените Млади во Европа – NEUEYT

КАЗ – ПОДДРШКА ЗА РЕФОРМИТЕ ВО ПОЛИТИКАТАМЛАДИТЕ ОД ЕВРОПА ЗАЕДНО

Бр. на проект:604631-EPP-1-2020-1-IT-EPPKA3-EU-YTH-TOG

Co-funded by the European Union

*Оваа публикација ги одразува само гледиштата на авторите, а Извршната агенција за образование, аудиовизуелна и култура и Европската комисија не можат да бидат одговорни за каква било употреба на информациите содржани во неа.*

# СОДРЖИНА

**1. Вовед**
1.1 За проектот
1.2 Контекстот

**2. Развој на иницијативите**
2.1 Заедничкото креирање на 8-те иницијативи
2.2 Методологијата за развој на иницијативите

**3. Предлог за иницијативите**
3.1 Шест чекори за учество во граѓанските и демократските процеси
3.2 pARTme
3.3 Прецизирање
3.4 Патоказ до советот на дигиталната младина
3.5 Самозастапуван инфлуенсер
3.6 Тивка дебата
3.7 Крени го гласот
3.8 Панел We & Us

**4. Користена литература**

# 1 ВОВЕД ВО NEUEYT ПРОЕКТОТ



*Нова Рамка за демократско учество и Ангажманна Недоволно Застепените Млади во Европа*

*Добредојдовте во NEUEYT глобалната рамка на иницијативи за млади, учесници, креатори на политики, локални заедници и младински организации. Овој документе исход од проектот NEUEYT,кој предлага да се работи на иновативни иницијативи за зајакнување на активнограѓанство и демократско учество помеѓу младите од 16 до 20 години, особено оние кои се недоволно вклучени во одлуките при кроењето на политиките, земајќи ги предвид оние кои живеат во оддалечени/рурални области. Нејзината цел е да укаже на ефикасноста и позитивните резултати од иницијативите предложени од конзорциумот на проектот.*

## 1. 1 За проектот

NEUEYT е амбициозен проект кој има за цел дизајнирање и тестирање во согласност со партиципативниот пристап, на иновативен сет од иницијативи кои можат да го зајакнат граѓанскотоучество на младите, со посебновнимание кон недоволно застапените, или "невидливите" во литературата, под претпоставка дека дигитализацијата може да има клучна улога во раѓањето на новите форми на дијалог.Како што претходно споменавме, конзорциумот на проектот верува дека дигиталниот пристап на новоразвиените иницијативи за учество, ќе го намали јазот меѓу невидливата младина. Тоа претставува клучен аспект во овој проект.

Партнерството вклучува 6 земји (IT, GR, CY, NMK, FR, NO) и вклучува јавни (локални и регионални) како и приватни тела (меѓународни мрежи, младински здруженија и невладини организации), сите вклучени во поттикнување на младите и креирање на политики.

За да се постигне резултатот од овој проект, конзорциумот темелно работеше во препознавање на предностите на е-демократијата во Европа,преку идентификување на нивните карактеристики. Од ова истражување произлегоа 8 основни иницијативи, кои ќе бидат тестирани на ниво на земјите партнери, со што младите веќе ќе се активираат, и ќе воспоставатработен однос со креаторите на политики. На крај, проектот ќе издаде Препораки/насоки за креаторите на политики и учесниците да ги валоризираат демократските иницијативи на младите.Меѓународната работилница, и мобилноста на младите и креаторите на политики ќе го поддржат, преку нивниот ангажман, квалитетното влијание на испорачливите можности. Тестираната рамка ќе биде фино прилагодена за идна одржливост и преносливост.

## 1. 2 Контекстот

*"ПрепоракатанаСоветотнаЕвропазаУчеството наДецата и Младите Луѓе под 18-годишна возраст (2012)" констатира дека: "Учеството е за поединци и групипоединцикоиимаатправо, средства, простор, можност и, кадешто е потребно, поддршказаслободноизразувањенанивнитеставови, да бидатслушнати и да придонесатво носењето одлукизапрашањата кои ги засегаат, а тие нивни ставовида добијат на тежинавосогласностсонивнатавозраст и зрелост".*

Овој проект се однесува на многу актуелен предизвик, е-учество. Низ цела Европа, како и во сите партнерски земји, покрај разликите во секој контекст, можно е да се препознае заедничка појава и следствена потреба, која се однесува на недостатокот на активно учество на младите во демократскиот живот, и ова се случува и покрај се присутната распространетост на интернетот, социјалните медиуми, дигитални текомуникациски алатки. Најпрво, постои проблемотво достапноста, бидејќи младите кои живеат во руралните и периферните области се чини дека имаат ограничувања предизвикани од недостатокот на поврзаност.



Второ, неодамнешните студии покажуваат дека постои зголемена дигитална поделба во однос на ефективната употреба на интернетот: постои можност да се препознае ограничена експлоатација на потенцијалот на дигиталните алатки од страна на младите корисници, кои се чини дека имаат потешкотии во трансформирањето на можностите што ги нудат дигиталните алатки, во можности за подобрување на нивниот живот.Од оваа гледна точка, постои сé поголема потреба од дигитални вештини со цел да се управува со интернетот. Понатаму, растот на појавите како недостатокот на граѓански ангажман, пасивното однесување, недостатокот на критичко размислување и популизмот, може да се сметаат за ефекти од недостатокот на "политичко образование".

За време на подготвителни активности, Конзорциумот оствари соработки со цел да се одредат заедничките потреби поврзани со учеството и граѓанскиот ангажман на младите. Според нивната експертиза, партнерите разменувале податоци и извори, со цел да ги профилираат овие "заеднички потреби".Партнерите се обидоа да споделат дефиниција за "демократско учество", и различните пристапи кон младинскиот ангажман. Тие, исто така, имаа дебата во однос на дефинирањето на целта и на "недоволно застапените групи", одлучувајќи заедно да посветат посебно внимание, соодветно на младите на возраст од 16 до 20 години, и на оние кои живеат во оддалечени/ рурални области, бидејќи се сметаат за "невидливи" и со помал пристап до алатки за демократско учество (односно, многумина не се во можност да гласаат).

Активноста е наменета да ги начне сите претходно споменати проблеми, обидувајќи се да обезбеди конкретни алатки за стимулација и одржување на граѓанскиот ангажман на младото население.

# 2 РАЗВОЈ НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ



*8-те иницијативи кои можете да ги најдете во овој документ се резултат на долг работен процес во траење од неколку месеци. Сите партнери на проектот придонесоа во истражувачката работа, деталните описи, лице в лице и онлајн состаноците, и конечно, во развојот на 8 нови дигитални демократско партиципативни иницијативи, подготвени да бидат спроведени помеѓу младите, младинските работници и креаторите на политики.*

## 2.1 Заедничкото креирање на 8-те иниијативи

Создавањето на 8-те нови иницијативи беше процес развиен во различни чекори.
Значи, што е добра практика? Тоа не е само добра работа, туку и практика за која е докажано дека функционира добро и дава добри резултати, и токму затоа се препорачува како модел. Тоа претставува успешно искуство, кое е тестирано и потврдено во широка смисла, кое се повторува, и заслужува да биде споделено за да може да го применат што поголем број луѓе.
За време на овој прв чекор, партнерите на проектот направија опширно работно истражување за постоечките добри практики кои вклучуваат дигитално, демократско и активно учество помеѓу младите, младинските работници и креаторите на политики. Сите детектирани добри практики ги исполниле следниве критериуми:

- Ефикасни и успешни;
- Одржливи;
- Родово чувствителни;
- Техничкиизводливи;
- Партиципативни по природа;
- Реплицирачки и прилагодливи.



Оваа анализа се покажа како плодна и разновидна, бидејќи вклучуваше европска експертиза на одредени партнери за неколку добри практики, како и широк поглед кон други континенти како Северна Америка и Азија. 30-те добри практики кои беа евидентирани се покажаа како многу корисни и комплетни, бидејќи укажаа на различните методи за вклучување на младите низ целиот свет на дигитален и демократски начин. Заедничките елементи од овие практики, е-управувањето, младинските движења, ЕУ, глобалното граѓанство и социјалната интеграција, ги инспирираа партнерите за различните аспекти, и беа вклучени во конечното составување на иницијативите.

Свесни за сите фактори на различнит добри практики кои беа собрани, конзорциумот на проектот се состана на тридневна обука за заедничкиот персонал, каде што се осврнаа и дебатираа за научените лекции однајдобрите избрани практики. Овој чекор беше исклучително важен, бидејќи се фокусираше на релевантните податоци за дизајн и развој на Новата рамка за демократско учество и ангажман на недоволнозастапенитемлади во Европа. За време на оваа обука партнерите работеа заедно, и ги ко-обликуваа 8-те иницијативи, врз основа на критериумите на добрите практики.
Оваа глобална рамка на иницијативи е последниот и конечен чекор пред да се премине на пилот-лансирањето на иницијативите.




## 2.2 Методологијата за развој на иницијативите

*Во овој дел од документот ќе ја анализираме препорашаната методологија за успешно спроведување на различните активности. Сите предложени иницијативи предвидено е да траат помеѓу 6 и 12 месеци. Строго се препорачува комплетен ангажман и посветеност од страна на сите членови од секое здружение, или тело, кои ќе преземат различни иницијативи.*

### Методологијата за овој проект

Методологијата која ќе се користи за спроведување на овие иницијативи се фокусира на активното вклучување на младите и креаторите на политиките во активностите на локалните заедници, со што тие ќе бидат ангажирани од истражувањето до пилотот, од развојот на стратегиската препорака до повратните информации кои ќе дојдат до иницијативите на рамката. Овој пристап ќе го водат работните истражувања, ко-креирањето, и принципите за развој на заедницата. Веб-страната ќе служи како платформа за е-демократија за младите во заедниците, додека видео-матиријалите, подкастите, радио програмите, настаните за заедничко вклучување, и социјалните медиуми ќе ја поддржат силната кампања за распространување и подигнување на свеста.

### Следејќи ги чекор-по-чекор упатствата

За да се спроведе секоја иницијатива, доволно е да се следи водичотчекор-по-чекор, кој е претставен во делот од документот со Третиот Предлог на активности. Овој водич вклучува времетраење на иницијативите, видот на активноста, целите, краток опис, и најважно, детални чекори за развој за секој месец од иницијативата.Со следење на секој чекор, од вас се очекува да договарате или асистирате на различни состаноци со останатите партнери, да регрутирате млади, да контактирате со креаторите на политики, или да креирате содржини за развој на активноста. Овој водич, исто така, нуди и некои Совети, кои ќе бидат ажурирани по комплетирањето на пилот фазата,откако ќе се добие фидбек и ќе заврши процесот на евалуација.

## Фокус на полот

Вклучувањето на родовата димензија во имплементацијата на 8-те иницијативи е од фундаментално значење, и во согласност со Стратегијата за Родова Еднаквост 2020-2025 на Европската Унија, која тежнее да постигне еднаквост на половите во целина. Почитувајќи ја и водејќи се по најновата Стратегија за Родова Еднаквост на ЕУ, родовата перспектива во овој проект има за цел:

- Да ги промовира активностите на еднаков број девојки и момчиња, и да постигне еднакво учество;
- Да разбереме зошто недоволно застапените млади девојки од руралните области, се повеќе погодени од недостатокот на дигитално демократско учество отколку младите момчиња;
- Да ги поттикнезнаењата за новите ИТвештини и свеста за дигиталните вештинина младите луѓе, посебно кај девојчињата, бидејќи кај нив е помала веројатноста да бидат активно вклучени во дигиталниот свет.

## Пост-пандемиските ефекти во повеќе дигитализиран свет

Пандемијата ја забрза нашата потреба да работиме во дигитална средина, не оставајќи ни друг избор освен да се приспособиме на новата концепција за реалноста. Поради ова, но и поради потребата од обука и објаснување на дигиталното учество, сите 8 иницијативи ќе бидат достапни во тврд, дигитален и комбиниран формат. Потребата за прилагодување на еден сé повеќе дигитален свет, исто така, ќе биде разгледана низ целиот овој проект, со воведување на различни ИТ алатки за младите кои учествуваат во иницијативите. Со оваа акција, партнерите на проектот ќе ги обучат младите за корисните ИТ алатки и компјутерски вештини, кои индиректно ќе придонесат за зголемување на бројот на девојки со ИТ вештини за Стратегијата за Родова Еднаквост на ЕУ[1], бидејќи постои поголема веројатност дека тие ќе имаат потреба од унапредувањена овие вештини.

## Економија, општество и живот на средина

Со пандемијата во тек, влошувањето на економската клима и еколошка криза, младите луѓе се една од најпогодените демографски групи, и мора да научат да се адаптираат и да го пронајдат својот пат во сé поконкурентното и не еднакво општество. Низ целиот проект, ќе се посвети посебно внимание на почитувањето на Европскиот Зелен Договор, и на активностите за ограничување на емисиите на гасовии ефектот на стаклена градина.

[1]Точка 4 од документот – Вклучување на родовите аспектии интерсекциска перспектива
во политиките на ЕУ



## Придвижување напред на младите во руралните средини

Ова е една од задачите на Европските Младински Цели за Младинска Стратегија на ЕУ за 2019-2027 година. Партнерите и идните здруженија кои сакаат да ги реализираат овие иницијативи, мора да ја имаат предвид важноста од регрутирање на млади од руралните области, со цел да го зајакнат својот потенцијал и да ја поддржат нивната обука за идно ЕУ демократско учество и вклучување во процесите на носење одлуки. Особено е важно да се обезбедат еднакви можности за младите луѓе од урбаните и руралните области.

*Ве молиме не заборавајте: Една од целите на овој проект е истиот да биде одржлив и да инспирира други здруженија, или тела, да ги преземат овие активности со други млади лица. Со цел да се подобри постоечката содржина, ве потсетуваме да ги запишете сите потенцијални грешки или аспекти, кои би можеле да се подобрат за потенцијалниот иден развој на иницијативите.*

Употребата на ваква прецизна и детална методологија ќе им овозможи на партнерите да ги потврдат и валидираат иновативните иницијативи развиени во рамката, преку користење на различни алатки за проценка и влијание. Целта на ова конкретно дополнување е да се обезбеди одржливост на проектот.

# 3 ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ/ИНИЦИЈАТИВИ



Во следните поглавја ќе најдете детално објаснување за секоја од иницијативите што беа спроведени од проектните партнери на NEUEYT, опис, методологија чекор по чекор, корисни совети, временски рокови и други информации за тоа како можете да ги спроведете креираните иницијативи за младинско дигитално учество и ангажман.

## За 8-те иницијативи од проектот NEUEYT

Иницијативите NEUEYT беа дизајнирани од проектните партнери за време на лабораторискиот настан за кокреација што се одржа во Трикала од 29 септември до 1 октомври - 2021 година.

Секоја од иницијативите е уникатна, фокусирана на мотивирање на поголемо учество на младите во демократските процеси преку различни дигитални алатки и методи.

Ве охрабруваме дополнително да ги истражите нашите иницијативи на следните страници и да се запознаете со предлогот на активности/иницијативи.

# 3.1 ШЕСТ ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ

**На прв поглед....**

Планот за обука "6 ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ" има за цел да предложи методолошки пристап за промоција на активното учество на недоволно застапените млади, и да вклучи различни заинтересирани страни/креатори на политики во конструктивен дијалог и активности со млади.



## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**6 ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ**

### Вид на активност

Комбинирана
Меѓународна

## ЦЕЛИ

- Очекувањата се откако ќе биде завршена оваа активност, младите да изградат силни меѓу себни односи и врски со креаторите на политики, како и со заедницата на која и припаѓаат.
- Овој пристап ќе ја засили самосвеста и личниот развој.
- Ќе ги поддржи сите целни групи да создадат и одржат врски со луѓето, вклучувајќи ги и оние со различно потекло.
- Да ги разберат врските помеѓу нивната локална реалност и глобалниот контекст. Се очекува да бидат свесни за различните извори на информации и начинот на пристап до нив, во смисла да бидат во можност критички да ја проценат информацијата што ја гледаат и читаат.
- Сите целни групи треба да бидат во можност да мислат надвор од границите, да развиваат иновативни идеи и да бараат креативни и алтернативни решенија.
- Треба да бидат во можност да ја искористат својата креативност во процесот на активности.
- Се очекува да развијат вештини за активно граѓанско учество, да носат паметни одлуки, и истите да ги реализираат.
- Треба да бидат во можност да соработуваат и да ги споделуваат задачите со другите.
- И на крај, треба да имаат верба и мотивација да направат разлика.

## КРАТОК ОПИС

**Целта на активноста**
-Да промовира учеството во граѓанските и демократските процеси кои влијаат врз животот на сите,
-Да овозможи и изгради капацитет кај младите за активно граѓанско и демократско учество.

"6 ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ" е активен процес на учење, кој има за цел да ги потпомогне промените во нашето општество. Тој е базиран на проблемско учење што ги охрабрува младите да поставуваат прашања, да размислуваат за проблемите кои влијаат врз нивните животи, и да ја истражуваат комплексноста на реалните ситуации во светот околу нив.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ ЦЕЛНА ГРУПА

- **Организации партнери** кои учествуваат во планот за обука; оваа иницијатива е отворена за сите 7 организации кои учествуваат во конзорциумот.
- **Олеснувачи на заедницата** и/или младински работници кои работат за организациите-учеснички.
- **Млади луѓе** на возраст од 18+ години кои сметаат дека не се вклучени во граѓанските и демократските процеси во нивните заедници; се очекува активно да се вклучат 10 млади луѓе од секоја организација која учествува (минимум 30 - максимум 70 млади луѓе).
- **Локални и национални креатори на политики**; се очекува активно да се вклучат 3 креатори на политики/заинтересирани страни од секоја организација која учествува (минимум 9 - максимум 21 креатор на политики/заинтересирани страни).

# ВРЕМЕТРАЕЊЕ

- **МЕСЕЦ 1:** Вклучување на заинтересираните страни: покани до младинските совети, општините, училиштата итн., кои би можеле да се заинтересирани да се вклучат во иницијативата; состаноци за објаснување на проектот и неговиот обем; истакнување на важноста од вклучување на младите од нивната мрежа.
- **МЕСЕЦ 2:** Продолжување на ангажманот на креаторите на политики и заинтересирани страни, припремна сесија со младите кои ќе учествуваат во иницијативата со цел објаснување на проектот и неговиот обем.
- **МЕСЕЦ 3:** Подготовка и олеснување на првата меѓународна онлајн работилница, на која младите и креаторите на политики ќе го продлабочат своето знаење околу методологијата "6 ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИ И ДЕМОКРАТСКИ ПРОЦЕСИ"; Организирање на локална работилница во која сите учесници детално ќе ги истражат карактеристиките на методологијата во 6 чекори и колективно или индивидуално ќе креираат свои планови за интервенција.
- **МЕСЕЦ 4-5:** Со продолжување на креирањето на плановите за работа, локалните тимови ги поканувaат креаторите на политики да учествуваат во спроведувањето и реализацијата на плановите, односно заедно да преземат активности на локално/регионално/национално ниво.
- **МЕСЕЦ 6:** На крајот, откако ќе бидат реализирани работните планови, сите учесници од различните земји, кои претходно учествуваа на првата меѓународна работилница, ќе се соберат повторно за да размислат и споделат искуства на втората меѓународна онлајн работилница.

**Вкупно 6 месеци.**

# МАТЕРИЈАЛИ

-Текст за покана за учество на заинтересираните страни
-Онлајн анкета за регрутирање на младите луѓе
-Кратка презентација за 3 теми на кои ќе се води расправа
-Хартија (А3 и А4 формат)
-Лепливи белешки
-Маркери во боја

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

## МЕСЕЦ 1

**1. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ (3/4 недели)**
Секоја организација која чествува ќе состави покана која ќе биде испратена до институции како што се младински совети, општини, училишта итн., за да ја најави фазата на спроведување на проектот NEUEYT, да ги објави главните цели на проектот, и да го истакне значењето на активното вклучување на младите во граѓанските и демократските процеси на заедницата. Во поканата ќе се објаснат главните елементи на иницијативата "6 ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ“, и ќе бидат поканати сите заинтересирани страни да го изразат својот интерес за активно учество во иницијативата. Особено ќе се потенцира дека сите организации кои учествуваат ќе ги вклучат младите од нивната мрежа во фазата на спроведување на иницијативата.

Формулар за изразување на интересот ќе биде вклучен со поканата со цел да се придобијат заинтересираните институции, младите и креаторите на политики.
Поканата ќе биде дистрибуирана преку официјалните социјални медиуми на проектот (веб-страната, Instagram, Facebook), како и на платформите на другите партнери. Исто така, ќе се користи и е-пошта.
Откако формуларите ќе бидат поднесени, организацијата ќе контактира со заинтересираните институции и ќе започне континуиран дијалог со нив, како и со процесот на вклучување на младите.

## МЕСЕЦ 2

**2. ПОДГОТВИТЕЛНА СЕСИЈА СО МЛАДИ (3 до 4 недели)**
-Имајќи предвид дека сите организации-учесници ќе останат поврзани со избраните институции/заинтересирани страни, истовремено ќе биде објавено истражување за да се зголеми вклученоста на младите кои живеат во заедниците со кои веќе сме имале соработка.
-Заинтересираните страни ќе ни помогнат да стигнеме до младите и да ги вклучиме во овој проект, но ќе имаме и почетно истражување за детектирање на сите форми на интерес, за потоа да одлучиме кои ќе соработуваат со нас.
-По завршувањето на истражувањето, се очекува да се изберат најмалку 30, а најмногу 70 млади луѓе, кои ќе добијат потврда по е-пошта.

*Истражување ќе се изврши на англиски јазик и ќе биде преведено на јазиците на конзорциумот на проектот. Меѓу прашањата ќе се вклучат:*

- *Краток опис на иницијативата, главните чекори во временска рамка*
- *Име*
- *Пол*
- *Возраст*
- *Моментална ситуација (студент/не студира/вработено/невработено лице)*
- *Преферирана апликација за контакт (WhatsApp или Е-пошта)*
- *Евалуација на нивното мислење за вклученоста на младите во граѓанските и демократските процеси: Дали се чувствувате активни во граѓанските и демократските процеси во вашата заедница? Ако не, кои фактори ве спречуваат во активното учество?*
- *Поле каде што ќе треба да одговорат дали сакаат да учествуваат, дали се достапни во месеците за обука, и дали навистина сакаат да учествуваат во ваква активност.*

Откако ќе бидат избрани сите млади, врз основа на различностите и различното потекло, ќе се одржи подготвителна онлајн сесија само со млади (преку Zoom или друга соодветна платформа), со цел меѓусебно да се претстават, да дискутираат за било какви прашања и мислења што ги имаат во врска со иницијативата, и најважно од сè, да го потврдат своето активно учество во спроведувањето на плановите за работа.

## МЕСЕЦ 3

**3.ПРВА МЕЃУНАРОДНА РАБОТИЛНИЦА**

Подготвителен состанок на Zoom (3 до 4 часа)

-Сите организации-учесници, кои симултано ја спроведуваат оваа иницијатива (дури и оние кои едноставно сакаат да учествуваат во првата меѓународна онлајн работилница), под водство на HUB NICOSIA, ќе ја подготват заедно првата меѓународна онлајн работилница која ќе се фокусира на методологијата на "6 ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ".

-Поканети: партнерски организации како олеснувачи, млади од различните земји, заинтересирани страни/креатори на политики. HUB NICOSIA ќе ја води оваа работилница. Јазикот на работилницата ќе биде англиски. Работилницата ќе биде интерактивна, дури и ако е онлајн. Можно е учесниците да бидат поделени во различни групи за извршување на активности. Главната цел е да се разбере методологијата.

-„6 ЧЕКОРИ ЗА УЧЕСТВО ВО ГРАЃАНСКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ“ е активен процес на учење, кој има за цел да ја поддржи промената во нашето општество. Истиот е основан на проблеми и ги поттикнува младите да поставуваат прашања, да размислуваат за проблемите кои влијаат на нивните животи, и да истражуваат за комплексноста на ситуациите во вистинскиот свет. Во таа смисла, меѓународната работилница ќе се фокусира на взаемно разбирање на сите чекори кои го сочинуваат овој методолошки пристап, за сите учесници да имаат иста стартна точка.

Процесот на учество во граѓанските и демократските процеси е структуриран во следниве 6 чекори:

**1. Поврзете се со вашето опкружување!** Овој чекор им обезбедува на младите можност да ги поврзат своите животи, животот во нивната локална заедница, и нивната врска со луѓето и работите во поширокиот свет. Во овојчекор, младите исто така го истражуваат својот идентитет и на локално и на меѓународно ниво, како и личните вредности и ставови кон нивната способност да направат разлика.
**2. Изберетепроблем** Овој чекор им овозможува на младите да размислуваат за важни проблеми кои влијаат врз нивните животи и можеби ги спречуваат да бидат активни (дигитални) учесници во граѓанските и демократските процеси. Тие ги споредуваат овие проблеми во различни контексти и се запрашуваат за нивната важност на локално и меѓународно ниво. Во овој чекор, младите исто така го приоретизираат и одбираат проблемот за кој ќе дејствуваат како би ја подобриле ситуацијата.
**3. Истражувајтеуштеповеќе!** Во овој чекор, младите имаат можност да го истражат во длабочина главното својство на избранио тпроблем. Тие цртаат мулти-перспективна слика за избраниот проблем, детално ги истражуваат неговите причини и последици, и ги поврзуваат со своите вредности и ставови. Тие земаат учество во групи и ги истражуваат проблемите кои претходно заедно ги идентификувале.
**4.Барајте решенија!** Во овој чекор, младите размислуваат за можни решенија за да направат разлика во врска со избраниот проблем. Тие се вклучуваат во процес на одлучување во група, каде разгледуваат можни активности, дискутираат околу нивната изводливост, ја избираат најдобрата алтернатива и креираат план за интервенција кој би го спровеле. Тие ги повикуваат на учество (локалните, регионалните, националните) креатори на политики и заинтересирани страни, како би извршиле притисок за пронаоѓање на алтернативни, соодветни и изводливи решенија и заедно да направат работен план, по можност на локално ниво.
**5. Дејствувајте!** Воовојчекор, младите, заедносокреаторитенаполитики и заинтересиранитестранигипретвораатсвоитеплановивоакција.
**6. Рефлектирајте!** Во овој чекор и младите и креаторите на политики се фокусираат на постигнатиот резултат од дигиталното учество во граѓански и демократски процеси, разговараат за резултатите, ефектите и одржливоста на активностите.

По завршувањето на работилницата, сите учесници треба да имаат добро разбирање на методологијаод 6 чекори, и да се чувствуваат подготвени да учествуваат на локалните/регионалните/националните работилници.
Важно е да се истакне дека на оваа прва меѓународна онлајн работилница ќе учествуваат млади и заинтересираните страни, со цел да се изврши притисок врз последните субстенцијални промени при имплементацијата на плановите за интервенција.

**4. ЛОКАЛНА/РЕГИОНАЛНА/НАЦИОНАЛНА РАБОТИЛНИЦА ВО ЖИВО** (Секоја земја ќе организира своја работилница. Времетраење 6 часа. Подобро е да се одржи во живо, но може да се прилагоди и онлајн).
Во текот на оваа локална/регионална/национална работилница во живо, партнерските организации (=олеснувачи) ќе организираат интерактивни сесии, кои ќе им овозможат на младите и на креаторите на политики да:
а) Го разберат детално методот од 6 чекори
б) Експериментираат и заедно да креираат свои планови за работа.
Идеално, работилницата ќе се одржи во заеднички центар или наместо кое обезбедува голема сала со маси и столици. Надворешните активности можат да бидат добри за подигнување на атмосферата и енергијата, но главните активности треба да се изведуваат внатре.

**Прв чекор:** Дискусија околу "6-те чекори за граѓанско и демократско учество". Младите ќе бидат активно вклучени во дискусијата меѓусебно, како и со заинтересираните страни, со што ќе им се овозможи размена на вредни идеи и мислења за нивното сегашно учество во граѓанските и демократските процеси, пречките со кои се соочуваат, и решенијата видливи за нив. Во зависност од бројот на учесници, истите ќе бидат поделени во повеќе или помалку групи.

**Втор чекор:** Создавање на планови за интервенција преку заедничко креирање. Со следење на активностите во 6 чекори, младите и креаторите на политики/ заинтересираните страни заедно ќе креираат најмалку 2 планови за интервенција, кои потоа ќе резултираат со 2 активности, кои треба да бидат спроведени во нивната локална заедница за да се создаде притисок врз останатите заинтересирани страни да извршат промени во заедницата. Брошура со најважните работи кои треба да се земат предвид при создавањето на планот за интервенција ќе биде обезбеден од страна на олеснувачите.

Плановите можат да имаат различни формати, на пример учество на локални/ регионални национални собранија каде што ќе се разговара за важни прашања за заедницата; организирање на саем за подигнувае на свеста, каде би се вклучиле повеќе млади од заедницата во заедничките процеси; развој на политичка анализа која ќе биде испратена до парламентот и/или соодветното министерство, итн. Темите треба да бидат релевантни и да го поддржуваат активното учество во граѓанските и демократските процеси

## МЕСЕЦ 4-5

**4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОВИТЕ ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА**

-По комплетирањето на шаблонот за планот/плановите за интервенција, младите и заинтересираните страни ќе ја/ги спроведат/реализираат својата/своите акции. Претходен контакт со местата каде што сакаат да го развијат/реализираат планот треба претходно да се изврши.

-Сите организации-учесници ќе ги поддржат учесниците да ги реализираат своите локално/регионално/национално базирани интервенции. Меѓутоа, реализацијата на активностите реално треба да биде одговорност на младите и на организациите партнери.

-Структурата на интервенциите ќе биде креирана и одредена за време на локалната/регионалната/националната работилница.

-Фазата на реализација ќе биде карактеризирана со широки активности за пренос и сеопфатна евалуација на целата стратегија на интервенцијата, нејзината ефективност, резултати и исходи.

## МЕСЕЦ 6

**5. ВТОРА ОНЛАЈН МЕЃУНАРОДНА РАБОТИЛНИЦА (Времетраење 3 часа)**

Во последниот месец од иницијативата, организациите партнери кои работеа на неа, ќе се подготват и ќе ја организираат втората онлајн меѓународна работилница, која ќе се фокусира на дискусијата за резултатите од интервенциските планови. HUB Nicosia ќе ја води работилницата на англиски јазик.

Повторно, сите партнерски организации, младите од различни земји и заинтересираните страни ќе се сретнат за да ги споделат и продискутираат своите активности преку работните планови.

Секој изработен план ќе биде презентиран, по што ќе следи брошура со научените лекции (Предходно, сите учесници ќе работат на заеднички документ, по земји, каде ќе ја објаснат секоја иницијатива и постигнатите резултати).

Исто така, ќе се одреди момент за споделување на евалуацијата од сите различни земји. Ова ќе биде време за дискусија не само за имплементираните процеси, туку и за резултатите од интервенциите и нивната ефективност на локално/регионално/национално ниво.

На крајот од работилницата, сите партнерски организации што ја имплементираа иницијативата ќе создадат заедничка мапа на интервенции (реализирани во вклучените заедници). Така ќе се објасни што е реализирано во заедниците и кој беше резултатот на крајот одработилницата. Ќебидесоздаденареалнамапазасекојаземја, кадештоќебидатприкажаниработнитеакциисофотографиивоприлог.

# 3.2 PART ME

## На прв поглед...

Во оваа иницијатива, групи од млади луѓе можат да бидат регрутирани на локално/регионално и на меѓународно ниво, бидејќи иницијативата е целосно дигитализирана. Вклучените млади ќе бидат стимулирани од страна на организаторите да ги идентификуваат, и да разговараат заедно за прашања и теми кои се важни за нивната заедница и квалитет на живот, поврзани со активното демократско учество.



## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**PARTME (ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО ПРЕКУ СПЛЕТ ОД УМЕТНОСТИ)**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

**Дигитална активност која се одвива од локално до меѓународно ниво.**

## ЦЕЛИ

- Да ги стимулира младите луѓе да размислуваат за прашања кои се однесуваат на нивната територија и социјален/економски контекст за да истите бидат изнесени на повисоко политичко ниво.
- Да ги донесе локалните/регионалните/меѓународните одлучувачки фактори вклучени во иницијативата, во контакт со она што младите имаат да кажат и проблемите со кои се соочуваат во својот секојдневен живот.
- Да го засили восприемањето на меѓународната младинска заедница во пракса.
- Да ги стимулира младите да ги изразат своите мисли и потреби, како да се чуе нивниот глас преку дигитални уметнички јазици.
- Да ги поддржи младинските движења преку нови уметнички јазици.

## КРАТОК ОПИС

Во текот на имплементацијата на иницијативата, ќе биде организиран онлајн настан за претставување на уметничките дела на пошироката заинтересирана јавност, која ќе биде организирана од групата млади под координација на мал тим олеснувачи (кои не мора да се млади луѓе, туку можат да бидат членови од тимот на организаторите).

Иницијативата pARTme бара од младите да создадат свои уметнички дела, користејќи било каква можна форма на дигитален уметнички јазик која им одговара (поезија, музика, видеа, слики, песни, сплет од уметности) и која најдобро ќе ја опише/изрази една од избраните теми.
Откако сите уметнички дела ќе бидат евидентирани, истите ќе бидат објавени на платформата NEUEYT, и во зависност од темите на кои се однесуваат, ќе бидат распространети на меѓународно ниво преку дигитални канали или настани, како и споделени со креаторите на политики (на локално, национално и европско ниво) кои се релевантни за темите, со цел нивно максимално пренесување насекаде.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ ЦЕЛНА ГРУПА

- Млади на возраст од 20-29 години, променлив број, најмалку 10.
- Како да ја вклучиме целната група: "млади уметници", организационен тим составен од млади, олеснувачи од организациите кои се промовираат.
- Креатори на политики вклучени како добитници на пораките од сплетот уметности, фокус од различни прикажани уметности, најмалку 20.

## МАТЕРИЈАЛИ

Канали на социјалните медиуми, Видеа , Графичка уметност , Музика , Слики , Анимации Поезија , Фотографии , Комбинирана уметност. YouTube канали на кои ќе можат да се најдат креациите/уметничките дела. Веб-страна на NEUEYT и веб-страните/дигиталните канали на промотивните организации како средства за умножување на информациите.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

8-10 месеци

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

При подготовката, организациите-организатори треба да идентификуваат најмалку еден референт кој ќе дејствува како олеснувач во целокупната иницијатива. Тимот олеснувачи кој се формира ќе соработува за да создаде правила, процедури и критериуми за учество и ангажирање на младите уметници, временски рамки за развој на уметничките дела, за истите да бидат споделени со регрутираните млади уметници пред започнување на самата иницијатива.

## МЕСЕЦИ 1-4

- **РЕГРУТИРАЊЕ НА "МЛАДИ УМЕТНИЦИ":** Отворен повик за регрутирање на млади преку дигитални комуникациски канали ќе биде објавен од почетокот на првиот месец (преку социјалните медиуми и веб-страни). Може да биде подготвен онлајн формулар за кратка претплата за учество во собирање на основни податоци во согласност со правилата на ЗЗДПР.
- **ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОНЛАЈН СОСТАНОК ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА И ВРЕМЕНСКИТЕ РАМКИ:** Тимот за олеснување ќе организира средба за споделување на основните правила и рокови на иницијативата со учесниците, како и нивно стимулирање за активно и фер учество. Онлајн средбата може да има флексибилно времетраење, во зависност од бројот на учесници и обемот на дискусијата/прашањата

## МЕСЕЦИ 5-8

**РАЗВОЈ НА УМЕТНОСТИ ОД "МЛАДИ УМЕТНИЦИ" КОИ УЧЕСТВУВААТ:** Младите уметници ќе имаат околу 3 месеци за создавање и реализација на своите креации, користејќи ги дигиталните уметнички јазици преку кои ќе ги распространат своите пораки за да се чуе нивниот глас. Олеснувачите остануваат на располагање како нивна поддршка или потреба. Младите учесници можат да работат самостојно или во мали групи при заеднички уметнички дела.

# МЕСЕЦИ 8-10

- По развојот на уметничките дела, тимот за олеснување и учесниците можат да одржат втора онлајн средба за меѓусебно да ги споделат своите дела, да продискутираат за нивните главни пораки, и да се подготват за завршниот настан со заинтересираните страни и креаторите на политики. Освен тоа, распространувањето и ширењето може да се засили со објавување на дигиталните уметнички дела на веб-страни и социјални медиуми, како и преку други дигитални комуникациски канали и настани од локално и меѓународно ниво.

**Совети за обучувачот**

- Земете предвид дека иницијативата е наменета кон младите од 20 години. Помладите учесници можат да наидат на потешкотии во изразувањето на пораките поврзани со социјални и политички прашања преку дигиталната уметност.
- Направете го целокупниот процес на аплицирање што е можно попристапен (користете јасен јазик, споделете јасни задачи и рокови).
- Вклучете млади луѓе во тимот за олеснување (М1-2), за да им дадете шанса да ја промовираат иницијативата користејќи јазици и канали насочени кон младите.
- Направете го целокупниот процес флексибилен и прилагодлив, во зависност од бројот на учесници, одржаните дискусии, и целокупното време достапно за креирање и вклучување на заинтересираните страни.

# 3.3 ПРЕЦИЗИРАЊЕ

**На прв поглед...**

Прецизирање (идентификувана или локализирана) е активност која има за цел да ги насочи младите да размислуваат за тековните проблеми кои влијаат врз нивниот живот, и кон анализирање на проблемите кои ќе ги адресираат пред различни креатори на политики.



## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Прецизирање**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Комбинирана - иницијативата ќе користи мешан пристап, со вклучување на онлајн активности и дебати, и фокус групи во живо. Локално, национално и меѓународно ниво.

## ЦЕЛИ

- Да се поддржат младите критички да ги изнесуваат проблемите кои ги засегаат нивните животи и заедници, и да размислат за влијанието на креаторите на политики врз конкретните проблеми.
- Да се поддржат младите писмено да ги изразат своите мислења за одредени проблеми, и да предложат конструктивни решенија за идентификуваните проблеми, земајќи го предвид влијанието на добробитта во нивната заедница.
- Да се овозможат критички дискусии меѓу двете целни групи, и тоа и во живо, и дигитално.
- Поддршка на развојот на политичките белешки (Policy Briefs) врз идентификуваните проблеми.
- Да се овозможи размислување и размена на критички проблеми и предлози на меѓународно ниво.

## КРАТОК ОПИС

"Прецизирање" е активност која има за цел да ги насочи младите да размислуваат за проблеми кои влијаат врз нивните животи и врз заедницата во која живеат - вклучувајќи ја идентификацијата на главните актери вклучени во самиот проблем, како и потенцијалните одговори. Во исто време, оваа активност ќе ги насочи креаторите на политики да го разберат значењето на брз и адекватен одговор на проблемите кои влијаат врз животите на младите.

Овој процес ќе предизвика синергија помеѓу младите и креаторите на политики, вклучувајќи ги во заеднички процес на идентификација и спроведување на изводливи и реални решенија.
Основните столбови на кои е базирана оваа активност се:

- Рефлексија врз специфични проблеми идентификувани на локално ниво (социјални, економски, еколошки проблеми);
- Критичка дискусија помеѓу младите и креаторите на политики;
- Вклучување на олеснувач кој е значаен преку целиот процес на развој на активноста.
- Централната улога на заеднички пристап (опис на проблеми кои влијаат врз заедницата, и опис на решенија кои можат да бидат применети на ниво на заедницата), кој има потенцијал да ги охрабри учесниците;
- Развој на реални политички белешки кои одговараат на вистинските потреби идентификувани на почетокот;
- Меѓународна размена на искуства.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Млади: 18+ години (10-15 млади)
- Креатори на политики (5-10 креатори на политики)

## МАТЕРИЈАЛИ

Zoom
NEUEYT платформата
Физички простор за реализација на активностите

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

10 месеци

## МЕСЕЦ 1

**1. РЕГРУТИРАЊЕ НА МЛАДИ (3 до 4 недели)**

- Заради регрутирање на млади, ќе биде креирана анкета со Survey Monkey, а времето за нејзиното пополнување нема да биде подолго од 5 минути. Анкетата ќе биде дистрибуирана преку официјалните социјални медиуми на проектот (веб-страната, Instagram, Facebook), како и на платформите на другите партнери. Освен тоа, анкетата ќе биде испратена и до училиштата, универзитетите и другите организации. Исто така, ќе се користи и е-пошта.
- По комплетирањето на анкетата, ќе бидат селектирани најмалку 10 до 15 млади кои ќе добијат потврден е-пошта.

**Оваа анкета ќе биде спроведена на англиски јазик и преведена на јазиците на конзорциумот на проектот. Меѓу прашањата ќе најдеме:*

- *Краток опис на активноста, главните чекори во временски рамки*
- *Име*
- *Пол*
- *Возраст*
- *Тековна состојба (студира/не студира/вработено/невработено лице)*
- *Преферирана контакт апликација (WhatsApp или Е-пошта)*
- *Поле каде што ќе треба де се одговори дали сакаат да учествуваат, дали се достапни за време на месеците од обуката, и дали навистина сакаат да учествуваат во ваква активност.*

Одбраните млади луѓе врз основа на различностите и различното потекло, ќе бидат поканети на онлајн состанок (60мин.) за меѓусебно да се запознаат, и најважно, да го потврдат своето присуство на обуките и финалниот настан. Учесниците кои се во состојба на NEETs (млади луѓе кои не се вработени, не учат и не се обучуваат) се особено важни за оваа активност. Овој состанок ќе се одржи онлајн и ќе се користи за меѓусебно запознавање и претставување на главните чекори на проектот. Младите ќе имаат можност да разменат телефонски броеви, социјални медиуми и да се подготват за следниот состанок.

**2. КОНТАКТИРАЊЕ СО РЕЛЕВАНТНИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ И КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ (3 до 4 недели)**

Истовремено, организацијата партнер ќе започне да го составува списокот на соодветни заинтересирани страни кои би биле контактирани за време на развојот на проектот. Иако во крајна линија можеби нема да бидат исконтактирани, контактите ќе бидат корисни за испорака на резултатите на крајот од проектот. До нив ќе биде испратена е-пошта со презентацијата на проектот, различните чекори и можноста за повторен контакт во текот на следните месеци.

## МЕСЕЦ 2

**3. ИНИЦИЈАЛЕН СОСТАНОК (КОМ) (120’ > Zoom)**
Овој состанок ќе биде одржан онлајн. Сите членови на партнерските организации кои ќе ја изведуваат оваа активност во своите земји ќе дискутираат за водичот на националната работилница:

- Методолошки пристап
- Бреинсторминг на активности за вклучување на младите во националната работилница/работилници како би им била претставена методологијата
- Креирање на шаблон за критички белешки и политички белешки
- Процедура за контактирање на заинтересираните страни: совети за тоа како да се напише формална е-пошта, креирање на шаблон кој ќе биде споделен со младите за да го пополнат, и подоцна да го испратат на заинтересираните страни со нивните критички белешки.

**4. ПОДГОТОВКА – Национална работилница (3 дена, 4 часа на ден)**
Присутни: младите и олеснувачот од организацијата партнер (по земја). Ќе се одржи виртуелна или работилница со физичко присуство во зависност од конкретниот контекст во секоја земја, за да се запознаат младите со методолошкиот пристап на активноста. Оваа работилница ќе им помогне на младите да ги разберат предизвиците со кои се соочуваат, односно пречките што ги спречуваат да учествуваат во граѓанската средина (учество, дигитална демократија). Следејќи го претходно изработениот водич, ќе има фаза на идентификација преку брошура за:

- Тематски области
- Проблеми на локално ниво
- Странки/организации кои работат во овие области до кои може/треба да се адресираат идентификуваните проблеми.

Организацијата партнер ќе ги информира младите за можноста да работат индивидуално или во групи во наредните месеци.

## МЕСЕЦИ 3-4

**4. ИЗРАЗУВАЊЕ**
**-Прв чекор.** Во текот на овие месеци, младите ќе работат во групи или индивидуално на нивните критички белешки. Овие критички белешки ќе вклучуваат презентација на идентификуваните проблеми: кои влијаат врз нивните животи и заедница, и за кои чувствуваат дека локалните креатори на политики не обрнуваат доволно внимание и/или нивните гласови не се слушнати доволно.

Критичките белешки можат да ги вклучуваат следниве аспекти, кои предходно ќе бидат договорени во водичот претставен пред нив:

- набљудувана тематска област;
- -идентификувани проблеми;
- определен креатор на политики на кој треба да се адресираат (пример: директор на училиште, советник за еколошки политики, менаџер за градска/селска мобилност) и причината за изборот на истиот. Односно, во врска со истражувањето на заинтересираните страни, младите треба да издвојат време за истражување на различни заинтересирани страни кои најдобро одговараат на нивните проблеми. Олеснувачите ќе бидат на располагање ако е потребно. Тие исто така ќе напишат нацрт е-порака, со пополнување на шаблонот даден од нив.
- предлози и решенија на младите, и нивната улога во тој процес:
- индивидуално (саморефлексија)
- како група во заедницата во која живеат (заедничка рефлексија)

-**Втор чекор.** Кога критичките белешки ќе бидат креирани, организацијата партнер има на располагање 10 дена да ги прочита, и да предложи измени пред да ги испрати на креаторите на политики. Таа исто така ја го прочита и ќе ја потврди нацрт е-поштата, која ќе биде испратена до креаторите на политики или заинтересираните страни.

-**Трет чекор.** Испраќање на критичките белешки, со целосно завршена критичка белешка заедно со корегираната порака по електронска пошта до соодветните заинтересирани страни. Партнерската организација ќе биде во CC. На крајот на оваа порака, ќе биде вклучена и порака која ги поканува заинтересираните страни да дискутираат преку е-пошта, или да се состанат со младите онлајн или физички (во зависност од заинтересираната страна).

*Овој последен дел од е-пораката ќе им овозможи на креаторите на политики да одлучат како (и дали) сакаат да одговорат на критичката белешка на младите. Подолу се наведени опции кои ќе бидат вклучени:*

- *Да одговорат лично и да се вклучат локално со младите*
- *Да одговорат преку технологија за отворен простор. Со кликање на опцијата со која сакаат да влезат во интеракција, партнерската организација ќе биде информирана за преференцијата на заинтересираната страна, и ќе организира физички или онлајн средби (Во е-пораката ќе биде наведено дека имаат само 3 месеци на располагање за да им одговорат на младите).*

*По завршувањето на критичките белешки, младите ќе ги испратат директно до креаторите на политики преку е-пошта, пораки, објави на страниците на социјални медиуми и веб-страните на институцијата.  Исто така, тие ќе бидат објавени на конкретен интерактивен дел на веб-страната/форумот на проектот.*

## МЕСЕЦИ 5-6-7

**5. РАСПРАВА И КО-КРЕИРАЊЕ**
Фазата во овие 3 месеци ќе се развива на следниот начин:
**а) Креаторите на политики** ќе бидат поканети да одговорат на критичките белешки:

- - лично, локално - вкучително со младите кои го истакнале проблемот
- -преку алатки за технологија во отворен простор (Zoom, Skype, Team), а и ние ќе бидеме таму.

**б) Двете целни групи** ќе се вклучат во критички дискусии околу проблемите кои беа истакнати. Партнерската организација ќе биде одговорна за организација (ако е потребно) на онлајн и/или состаноци со физичко присуство помеѓу креаторите на политики и младите. Тие исто така ќе присуствуваат, за да ја следат дискусијата.
**в) Заедно**, тие ќе се согласат да развијат и создадат политичка белешка (ПБ). Овој дел ќе зависи од секој млад човек и од креаторот на политики. Можеби ќе има време за развивање на ПБ на состанокот, но исто така состанокот може да биде временски ограничен, со што би немало доволно време за развој на ПБ. Во тој случај, младите треба да ги информираат креаторите со кои се среќаваат за потребата да го прегледаат и да го дадат своето мислење за ПБ. На тој начин, откако младите луѓе ќе работат на ПБ, креаторите на политики може едноставно да ги прочитаат истите, и да предложат промени. Шаблонот на ПБ ќе биде претходно разработен за време на КОМ и ќе им биде доставен на младите пред да се состанат (физички или онлајн) со креаторите на политики.

## MONTHS 8-9

**6. МЕЃУНАРОДНА РАЗМЕНА И РЕФЛЕКТИРАЊЕ (Zoom > 3 до 4 часа)**
Присутни: организациите партнери (на меѓународно ниво), сите млади и креатори на политики кои учествуваа. Пред воведот на оваа фаза, ќе биде испратена покана до заинтересираните страни за да го букираат датумот во својот распоред. На крајот од 8 месечната фаза, секоја организација која ја имплементира оваа активност ќе се сретне онлајн (користејќи ги горенаведените алатки за отворен простор) за да ги дискутира и рефлектира политичките белешки, и да ги истражи можностите за соработка. Идејата е да се создаде простор за сите партнерски организации, локалните групи на млади и властите/креаторите на политики да се соберат и да споделат резултати. Постои голема можност некои од младите луѓе од различни земји да ја истакнале истата проблематика. Тие ќе бидат ставени во контакт. Во оваа фаза, младите и креаторите на политики кои претходно учествуваа, исто така, ќе бидат вклучени и поканети да направат анализа, и да коментираат во меѓународна арена (на онлајн форумот) за критичките забелешки и политичките белешки разработени од нивните колеги и креаторите на политики од други земји, да ги споредуваат заедничките проблеми и идеи, и да ја оценат можноста за соработка во формулирањето на предлози.

# 3.4 ПАТОКАЗ ДО СОВЕТОТ НА ДИГИТАЛНАТА МЛАДИНА

**На прв поглед...**

Патоказот за (дигитален) младински совет има за цел да обезбеди чекор-по-чекор водич за тоа како да се создаде младински совет, кој може да се користи од било која друга европска земја како пример за демократско учество



## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Активност 1: Заедничкото создавање на патоказот до младинскиот совет**

## ВИД НА АКТИВНОСТА

Комбинирана, локална/регионална, Меѓународна

## ЦЕЛИ

- Да се создаде патоказ кој е доволно универзален, за секој да може да го искористи за да формира младински совет во својата земја/ регион,
- Да се примени патоказот преку формирање младински совет кој ќе се состанува 3 пати во 6 месеци.
- Со споделување искуства од долгата традиција на младински совети, патоказот треба да го намали прагот за формирање локален или регионален младински совет.
- -Доколку како варијанта имате и патоказ за дигитален младински совет, истиос може полесно да се примени во различни контексти.
- Потребно е да се тестираат најмалку два дигитални младински совети (исто така, возможен е комбиниран пристап).
- Зголемено учество на недоволно застапените млади од руралните заедници.
- Ниту еден млад човек не треба да биде исклучен од учество поради физичката оддалеченост од местото на состанокот.

## КРАТОК ОПИС

Формирањето младински совет им дава можност на младите да учествуваат во реални политички процеси. Тоа им дава можност да го практикуваат правото на глас, и да ги изразат своите мислења на ист начин како што тоа го прават обичните политичари.

Патоказот до (дигиталниот) младински совет има за цел да обезбеди чекор-по-чекор водич за создавање младински совет, кој може да се користи во било која друга европска земја, како пример за демократско учество.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 1 координатор за секоја организација партнер
- 10 учесници од секоја земја на возраст 15-18 години

## МАТЕРИЈАЛИ

/

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Вкупно 9 месеци.
За оваа активност е потребен 1 месец.

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

## МЕСЕЦ 1

**1.РЕГРУТИРАЊЕ (3 недели)**

- Секоја организација партнер која ќе ја реализира оваа активност ќе назначи координатор. По можност од самата партнерска организација. Како алтернатива, може да биде регрутирано едно возрасно лице од сопствената мрежа кое работи со младинско учество.
- Од младите:
- Една опција е да се регрутираат членови од советот на ученици во локалните училишта. Идеална би била комбинација од млади лица од руралните и поурбанизираните области.

Алтернативно, преку отворен повик, користејќи ја сопствената мрежа на организација, партнерот ќе регрутира 10 млади на возраст од 15 до 18 години за учество во нивниот младински совет.

**2. СОСТАНОК НА МЛАДИТЕ СО КООРДИНАТОРОТ**

Ќе се одржат два онлајн состаноци во текот на последната недела од првиот месец:

- Прв состанок (90мин. ZOOM). Ова ќе биде прв пат сите млади да се сретнат онлајн. Ќе има некои активности за ко-креирање спроведени од страна на координаторот на активноста.

- Од десетте, двајца млади и координаторот ќе учествуваат во меѓународна работна група опишана во следната точка (3).

Остатокот од советот ќе учествува од точка 4.

- Сите регрутирани млади луѓе треба да бидат подготвени да одлучуваат за едно или две (најмногу три) локални проблеми – и ќе бидат охрабрени да разговараат со своите врсници, и однапред да подготват еден или повеќе предлози за првиот состанок.

**3. МЕЃУНАРОДЕН СОСТАНОК: КО-КРЕИРАЊЕ НА ПАТОКАЗОТ**

- Дигитален состанок на ZOOM (90мин.). На овој состанок присутни ќе бидат координаторите и младите селектирани во работната група.

- За време на овој состанок, работната група ќе се состане на дигитален форум за ко-креирање на новиот патоказ со создавање на младински совет кој ќе биде прилагоден на различните контексти во различни земји. Координаторот кој ќе ја води активноста, како инспирација ќе ги користи веќе воспоставените насоки за создавање на младински совет во Норвешка.

<u>- Презентација на преведените водичи како инспирација:</u>
-1. Регрутирање – За почеток – меѓусебно запознавање
-2. Обука – 6 чекори за учество. Планирање на состаноците и процесите
-3. Подолги наспроти пократки процеси
-4. Како да се управува со дигитален младински совет - Технички аспекти. Како да ги преточите активностите во дигитална поставка.
-5. Како да се обезбеди признавање и сопственост на советот со локалните или регионалните политичари?
- Ќе има групна работа на секоја тема. Најпрво, во засебни простории мешани групи ќе разговараат за точките 1-3, и ќе дојдат до три ѕвездички и една желба – што е добро, и што може да се подобри? Фокусирајте се на приспособливоста, треба да функционира во различни контексти.
- Ќе биде претставена 4, а учесниците ќе разговараат во парови во одделен простор. Дискусијата ќе ја финиширате заедно, водена од главниот координатор.
- Точка 5, исто така, ќе биде презентирана, а учесниците ќе разговараат во парови во одделен простор. Дискусијата ќе ја финиширате заедно, водена од главниот координатор. Точка 5 е најважната точка на која учесниците треба да се фокусираат за време на локалните состаноци.

**4. ПРВ НАЦРТ**
По состанокот на меѓународната работна група, задолжениот координатор помеѓу двата состаноци ќе работи на интегрирање на групната работа за првиот нацрт план на заеднички креираниот патоказ. Нацртот ќе биде испратен до сите учесници, и до членовите на младинскиот совет.
Важно е тоа што патоказот е изработен како насоки, а не строги инструкции. Тој ќе понуди совети за тоа како да се развива, но не треба да ги спречува локалните младински совети за изнаоѓање сопствени решенија. Патоказот ќе се состои од најмногу 5 страници и ќе биде достапен за јавноста преку веб-страната на NEUYET.

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Активност 2: Поврзување на учесниците**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Комбинирана, Локална/Регионална меѓународна

## ЦЕЛИ

- Да се запознаат локалните политичари за вредноста на гласот на младите луѓе.
- Вклучување на младите луѓе во формалните политички процеси, кои можат да помогнат во легитимирањето на локалните политичари.
- Обезбедување силна посветеност за проектот од страна на учесниците на локално или регионално ниво.
- Координаторот од секој партнер мора да ја искористи својата мрежа за да се поврзе со локалните учесници, информирајќи ги за проектот.

## КРАТОК ОПИС

Координаторот од секој партнер мора да ја искористи својата мрежа за да се поврзе со локалните учесници, информирајќи ги за проектот.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 1 координатор за секоја организација партнер
- 10 учесници од секоја земја на возраст 15-18 години

## МАТЕРИЈАЛИ

- Изготвениот патоказ за создавање на (дигитален) младински совет.

- Примери од останатите земји/региони.
- Конвенцијата на ОН за правата на детето.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

9 месеци. Оваа активност ќе се одвива за време на вториот месец.

## МЕСЕЦ 2

**3.ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОНТАКТ СО КРЕАТОРИТЕ НА ПОЛИТИКИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОДДРШКА И АНГАЖМАН ОД ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИЧАРИ/ КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ (3/4 недели)**

- Координаторот во оваа фаза, исто така, ќе воспостави контакт и ќе ги информира локалните учесници за проектот, и ќе ги охрабри да се вклучат.
- Креаторите на политики ќе имаат кратка презентација за патоказот со акцент на придобивките од вклучување на младите во локалните процеси, и како ова може да придонесе за легитимација на формалните, политички процеси меѓу младите луѓе.
- Координаторот ќе одреди датуми за вториот и третиот состанок на кој младинскиот совет ќе се состане со локалните учесници/ политичари. Ова може да се реализира со физичко присуство или во дигитален формат.
- Координаторите ќе одржат онлајн состанок кој меѓусебно ќе се информираат за постигнатиот напредок, и ќе разменат датуми за веќе закажаните состаноци.

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Активност 3: Примена на патоказот – прв состанок на младинскиот совет**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Комбинирана, Локална/Регионална /Меѓународна

## ЦЕЛИ

- Да се примени патоказот со создавање младински совет кој ќе се состанува 3 пати во 6 месеци.
- Давање глас на недоволно застапените млади, особено во руралните средини
- Да се тестираат најмалку два дигитални младински совети (исто така, можен е и комбиниран пристап)
- Примена на патоказот и негово тестирање.
- Да се стават младите на чело на проектот.
- Обезбедување на младите вклучена обука за демократско учество
- Комплетирање на нивната работа на патоказот.
- Планирање на какви активности/проблеми треба да ја фокусираат својата работа.

## КРАТОК ОПИС

- Младинскиот Совет ќе го одржи својот прв (од трите) вистински состанок онлајн. За да ја спроведат активноста, тие ќе добијат обука за демократско учество. Исто така, како дел од обуката, тие ќе ја финализираат работата на патоказот.
- Ќе одлучат на кое прашање сакаат да се фокусираат (максимум 3, но идеално би било 1 или 2). За ова ќе биде одлучено на демократски начин.
- Тие ќе ја поделат одговорноста помеѓу нив пред следниот состанок.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 1 координатор за секоја организација партнер
- 10 учесници од секоја земја на возраст 15-18 години

## МАТЕРИЈАЛИ

- Компјутер со Zoom (или друга платформа).
- Изготвениот патоказ.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

9 месеци. Оваа активност ќе се одвива во третиот месец.

## МЕСЕЦ 3

**1. ПРВ СОСТАНОК НА МЛАДИНСКИОТ СОВЕТ**

- Координаторот ќе го олеснува првиот состанок, но самиот младински совет ќе го преземе водството. Советот ќе го следи патоказот во својата работа.
- Координаторот ќе побара од советот да назначи водач.

Сите кои би сакале да бидат лидер ќе мора да се изјаснат и накратко да понудат аргументи во своја полза. Ќе има отворено гласање за кандидатите. Ќе биде назначен лидер и асистент, кој ќе биде задолжен за напредокот на работата.

- На првиот состанок младинскиот совет ќе помине обука за демократско учество подготвена од координаторот.
- Потоа, советот ќе го разгледа патоказот и ќе анализира дали е добар или има потреба од прилагодувања?
- По завршувањето на патоказот, советот заеднички ќе одлучи кои прашања се најважни за нив, на кои би сакале да се фокусираат во нивната работа. Тоа ќе треба да бидат 1 до 3 конкретни прашања на кои ќе имаат можност да влијаат (ова ќе биде истакнато во патоказот и обуката). Советот ќе одлучи на кој начин сакаат да го презентираат прашањето пред политичарите.
- Тие ќе ја поделат одговорноста помеѓу нив. Една задача ќе биде испраќање информации за темата на која се работи до политичарите пред закажаниот состанок.
- Водачот и неговиот асистент ќе ја организираат подготовката за ова прашање.

**Совети за обучувачот**

Ова е критичен момент. Координаторот мора детално да го испланира првиот состанок сосема, а сепак да остави простор за да им дозволи на младите да преземат одговорност.

Координаторот ќе ја подготви обуката, а исто така и завршната работа на патоказот. Ова може да се направи прво едното, а потоа и другото, или ако е изводливо истовремено.

Координаторот мора да го надгледува процесот за избор на лидер, но, исто така, да го води советот во одлучувањето кои прашања се најважни.

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Активност 4: Втор состанок**

## ВИД НА АКТИВНОСТА

Комбинирана, Локална/Регионална, Меѓународна

## ЦЕЛИ

- Иницирање контакт помеѓу младите и креаторите на политики.
- Создавање добра работна средина каде што сите се вклучени.
- Младите лица да бидат добро однапред подготвени, така што нема да се заплашат.

## КРАТОК ОПИС

Во овој чекор младинскиот совет и креаторите на политики ќе се состанат за прв пат. Сега е време да се презентираат темите на кои работел младинскиот совет, како и да се земе учество во дискусијата со креаторите на политики за можните решенија на начнатите проблеми.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 1 координатор за секоја организација партнер
- 10 учесници од секоја земја на возраст 15-18

## МАТЕРИЈАЛИ

/

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

9 месеци. Оваа активност ќе се одвива во шестиот месец.

## МЕСЕЦ 6

За време на овој месец, ќе биде остварен првиот контакт на младинскиот совет со политичарите. .

**1. ПОДГОТОВКА НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА ЗА ПОЛИТИЧАРИТЕ (Zoom > 60-120мин.)**
- Во траење од 1 до 2 часа, младинскиот совет ќе се состане за подготовка на презентацијата околу прашањето/та за политичарите.
- Потоа, координаторот ќе ја анализира и оцени презентацијата.

**2. ПОКАНА ЗА СОСТАНОК ОД КРЕАТОРИТЕ НА ПОЛИТИКАТА ДО МЛАДИНСКИОТ СОВЕТ**
Креаторите на политиКИ ќе го поканат младинскиот совет на закажан состанок, датумот е веќе одреден од страна на координаторот (состанок со градските власти; состанок со комисијата; состаноци со општината итн.)

**3. СОСТАНОК ПОМЕЃУ МЛАДИНСКИОТ СОВЕТ И КРЕАТОРИТЕ НА ПОЛИТИКИ**
- Младинскиот совет ќе се претстави на состанокот – Претставник од младинскиот совет, во соработка со координаторот, преку кратка презентација ќе го претстави проектот и неговите цели.
- Младинскиот совет ќе ги презентира проблемите пред политичарите, и ќе понуди предлог решенија (20 мин).
- Тогаш, ќе има време младинскиот совет да работи со политичарите. Тие ќе бидат поделени во одделен простор и ќе им бидат доделени различни прашања во врска со комкретниот проблем (30 мин).
- Групите ќе ги презентираат своите идеи пред сите присутни, и сите ќе земат учество во разговорите за тоа како да се продолжи понатаму.
- Целта ќе биде да се дојде до заклучок како двете страни би работеле на овој проблем до следниот состанок.
- Ќе се одлучи околу одговорностите по кои ќе се постапува до следниот состанок, и дотогаш и младинскиот совет и политичарите ќе мора да работат на прашањето/та.

**Совети за обучувачот**
Целта тука е младите колку што е можно повеќе да го преземат водството. Координаторот мора да биде присебен за да ги води во вистинската насока доколку застранат.

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Активност 5: Трет состанок**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Комбинирана, Локална/Регионална Меѓународна

## ЦЕЛИ

- Да се одржи вториот состанок помеѓу младите и креаторите на политики.
- Да се комплетира работата од првиот состанок.
- Да се дојде до некои решенија за понатамошна работа.

## КРАТОК ОПИС

Овој чекор го вклучува вториот дигитален состанок помеѓу младинскиот совет и политичарите. Младинскиот совет ќе го презентира она што е направено од последниот состанок, и идеално би било да одлучи за едно или повеќе решенија, или понатамошно дејствување.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 1 координатор за секоја организација партнер
- 10 учесници од секоја земја на возраст 15-18 години

## МАТЕРИЈАЛИ

/

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

9 месеци. Оваа активност ќе се одвива во осмиот месец.

## МЕСЕЦ 8

**1. СОСТАНОК НА МЛАДИНСКИОТ СОВЕТ (Zoom, 60мин.)**

Младинскиот совет повторно ќе се состане, пред да им се придружи на политичарите. Најпрво ќе ја прегледаат завршената работа.

Потоа ќе се подготват за презентација на работата на состанокот.

**2. СОСТАНОК ПОМЕЃУ МЛАДИНСКИОТ СОВЕТ И ПОЛИТИЧАРИТЕ (Zoom, 90 минути)**

- Двете страни ќе го претстават сработеното во врска со прашањето/та до одржувањето на состанокот. Тие ќе дебатираат за исходот, и како го решиле проблемот или помогнале во решавање на истиот. (30 мин.)
- Потоа, ќе се одвои време за младинскиот совет да работи со политичарите. Тие ќе бидат поделени во одделен простор, и ќе им бидат доделени различни прашања во врска со конкретниот проблем (15 мин).
- По оваа размена на мислења помеѓу младинскиот совет и политичарите, ќе следи завршна дискусија во која тие ќе анализираат колку далеку стигнале.
- Кога ќе заврши кратката дискусија, сите ќе ги споделат своите мислења за следниве прашања: Дали постои решение? Како понатаму да работиме во врска со ова прашање? (20 мин)
- На крајот од состанокот ќе има транспарентна евалуација. Младинскиот совет и политичарите ќе мора да одговорат на прашањето: Што добивме од оваа соработка? (предводена од координатор кој ги забележува одговорите).
- Конечно, еден политичар и двајца млади од младинскиот совет ќе бидат назначени во комисијата за оценување на еден состанок за евалуација со координаторот.
- Сите учесници ќе добијат формулар за дигитална евалуација.

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Активност 6: Евалуација и препорака**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Комбинирана, Локална/Регионална, Меѓународна

## ЦЕЛИ

- Да се проценат ефектите од оваа активност.
- Сите учесници да пополнат дигитална проценка по завршувањето на состаноците кои содржат прашања за:
    1. Патоказот
    2. Искуството од работата во младинскиот совет

## КРАТОК ОПИС

Координаторот е задолжен за евалуацијата, но може да вклучи и други. Проценката се врши од дигиталната евалуација, и од квалитативната евалуација, на посебен состанок со назначениот и координаторот (дигитално, приближно 30 мин)

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 1 координатор за секоја организација партнер
- 10 учесници од секоја земја на возраст 15-18 години

## МАТЕРИЈАЛИ

/

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

9 месеци. Активноста ќе се одвива во деветтиот месец.

# МЕСЕЦ 9

**1. ДИГИТАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА**

Претходно изработена евалуација ќе биде испратена до сите учесници. Целта ќе биде да се евидентира нивното мислење за различните чекори и за исходот од активноста.

Координаторот ќе одржи еден дигитален состанок со младинскиот совет, каде што ќе го евалуираат процесот. После ова, нивната работа е завршена.

**2. АНАЛИЗА НА ЕВАЛУАЦИЈАТА**

Координаторот ќе ги анализира информациите од дигиталната евалуација и од проценката на квалитетот.

**3. ИЗВЕШТАЈ**

- Координаторот ќе напише извештај за искуството и евалуацијата.
- Потоа тој/таа ќе го испрати извештајот до младите и креаторите на политики вклучени во (можна) ревизија.

**4. ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ**

Конечниот извештај е комплетиран и објавен на веб-страната на NEUEYT.

**Совети за обучувачот**

Назначениот координатор за младинскиот совет е клучната компонента. Назначеното лице треба да поседува искуство во работата со млади. Лицето, исто така, треба да има основни познавања од локалниот и регионален политички систем, а по можност и мрежа која што може да се користи за ангажирање на локалните политичари.

# 3.5 САМОЗАСТАПУВАЧИ ИНФЛУЕНСЕРИ

**На прв поглед...**

Самозастапувачкиот инфлуенсер е активност која има за цел да ги натера младите од недоволно застапените заедници да работат во парови со млади луѓе, на модули фокусирани на стекнување знаења за работа со социјалните медиуми и изразување преку различни алатки. Главната цел ќе биде да се слушне нивниот глас, и да се предизвика реакција кај релевантните креатори на политики.



## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**САМОЗАСТАПУВАНИ ИНФЛУЕНСЕРИ**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Дигитална

## ЦЕЛИ

- Да се развијат дигитални вештини за луѓе/млади од помалку застапени заедници.
- Да се добие онлајн сертификат за самозастапуван инфлуенсер.
- Да им се овозможи на младите од недоволно застапените/руралните заедници да зборуваат во свое име, претставувајќи ги своите права и демократското учество на заедницата која ја претставуваат
- Да се поттикнат младите кои не спаѓаат во недоволно застапени, да станат општествено одговорни, преку директно поддржување и менторство на младите од помалку застапените заедници.
- Да се подигне свеста на заедницата за потребите на недоволно застапените
- Да се иницираат активности, соработки, дискусии или промени во политиките за подобрувањето на животот на помалку застапените заедници.

## КРАТОК ОПИС

Самозастапеност и самозастапување на младите од недоволно застапените/руралните заедници. Блог во кој 5 луѓе од заедниците со помала застапеност и 5 млади/ментори (работејќи во парови) ќе го претстават својот личен блог на соодветната тема/и, преку раскажување, лични искуства, проблеми, интервјуа, сведоштва, дебати, анкети итн.

Блогот и социјалните медиуми ќе бидат алатка за презентација пред пошироката публика на прашањата со кои граѓаните од недоволно застапените заедници се соочуваат, се со главна цел да се чуе нивниот глас, и да предизвикаат реакција кај релевантните креатори на политики.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 5 млади од недоволно застапените заедници
- 5 млади (кои ќе работат како ментори)
- 5 менторски партнер организации (локални, регионални или национални)
- обучувачи (1-2 за национални и повеќе за меѓународни)

## МАТЕРИЈАЛИ

Користени дигитални алатки:
- Survey Monkey или google формулари со цел запишување, социјални медиуми и е-пошта. Zoom. Wordpress, YouTube, подкасти, останати придружни програми, email маркетинг, google ads, AdSense, Trello, Canva, анкети. Google analytics.
Предвидени алатки за промовирање на активноста/иницијативата:
- Социјални медиуми, email маркетинг, билтени, партнерски организации, традиционални медиуми. блог, SEO, SEM, Google Ads.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

7 месеци (со можност за продолжување до 12 месеци)

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

## МЕСЕЦ 1

**1.ПРВ СОСТАНОК (Zoom > 60мин.)**
Ќе се одржи првиот состанок помеѓу членовите на здружението кое ја спроведува активноста, со цел да се дефинира методологијата на процесот на регрутирање и самата активност.

**2.РЕГРУТИРАЊЕ**
- Организации партнери во секоја земја (ако е меѓународно) или во земјата (ако е национално) во 5 градови. За да го направи тоа, одговорната организација ќе контактира со блиски организации кои работат со недоволно застапени млади лица.
- Обучувачи. Тоа ќе биде или персонал од Порака Нова, или отворен повик за обучувачи кои сакаат да се вклучат во овој проект. Обучувачите ќе бидат одговорни за развојот на содржината на часовите, обуката и евалуација на практичната работа.
- Млади луѓе од недоволно застапените заедници (МНЗ). Тоа ќе се реализира преку организацијата, мрежата, личните контакти и социјалните медиуми на партнерот. Истражувањето изработено во Survey Monkey ќе биде испратено до различните потенцијални организации. На крајот, ќе бидат избрани 5 МНЗ.
- Млади кои ќе работат како ментори за МНЗ. Тоа ќе биде реализирано преку организацијата, мрежата, личните контакти и социјалните медиуми на партнерот. Истражувањето изработено во Survey Monkey ќе биде испратено до различните потенцијални организации. На крајот ќе бидат избрани 5 млади лица. Важно е на овие млади луѓе да им се нагласи нивната улога во проектот, и важноста тие да бидат вистински посветени на целите и задачите што ќе им бидат доделени, бидејќи тие ќе мора да го придружуваат МНЗ во текот на сите месеци од активноста.

**Овие истражувања ќе бидат направени на Англиски јазик, и преведени на јазиците на конзорциумот на проектот. Меѓу прашањата ќе најдеме:*
*- Краток опис на активноста, главните чекори во временска рамка*
*- Име*
*- Пол.*
*- Возраст*
*-Моментална ситуација (студент/не студира/вработено/невработено лице)*
*- Апликација за контакт која ја преферираат (WhatsApp или Email)*
*- Поле каде што одговараат дали сакаат да учествуваат, дали се достапни за тие месеци на обука, и дали навистина сакаат да учествуваат во оваа активност.*

**3.ВОВЕДЕН СОСТАНОК СО ОРГАНИЗАЦИИТЕ ПАРТНЕРИ И ОБУЧУВАЧИТЕ (од земјата или меѓународни) (45мин.) > Zoom**

- Онлајн состанок помеѓу партнерската организација, обучувачите и другите организации кои обезбедија контакти од МНЗ и младите лица. Ќе има кратко објаснување на проектот и различните чекори, и ќе се даде акцент на нивната улога и она што организацијата партнер го очекува од нив. Голема важност ќе им биде дадена на обучувачите, кои накратко ќе ги презентираат модулите на кои работеле.

**4.ВОВЕДЕН СОСТАНОК СО МЛАДИТЕ И НИВНИТЕ ПАРТНЕРИ (45мин.) > Zoom**

- Откако ќе бидат избрани сите 10 млади, ќе се одржи онлајн состанок со цел меѓусебно да се претстават, и најважно, да ја потврдат нивната помош за време на обуките и практичната работа. Ова, исто така, ќе биде добра можност да им се соопшти името на партнерот со кој тесно ќе соработуваат за време на развојот на активноста. Целта на овој состанок е да се скрши мразот, да се разменат контакти и да се олесни евентуалниот состанок помеѓу нив.

## МЕСЕЦИ 2-6

**5. РАЗВОЈ НА МОДУЛИТЕ И НА ПРАКТИЧНАТА РАБОТА (1 месец по модул, 8 часа месечно) > Со физичко присуство или на Zoom, Teams**

Од 2-ри до 6-ти месец обучувачите ќе ги споделуваат со МНЗ и младите лекциите од модулите на кои претходно работеле. Тимовите од млади ќе имаат наизменично една недела обука и една недела практична работа.

- Состанок кој ќе претходи на модулите (90мин., 1 обучувач, 5 МНЗ и 5 млади): Со цел да се забрза развојот на проектот, ќе се одржи состанок помеѓу обучувачот и младите со цел да се поддржи создавањето профил на социјалните медиуми што ќе го користат.

-Недела на обука (120мин., 1 обучувач, 5 МНЗ и 5 млади) > Со физичко присуство или на Zoom: Предавање на лекцијата преку презентации, на интерактивен начин итн. Целта е МНЗ и младите да ја следат и разберат презентацијата. Различните активности и интеракцијата се особено препорачани, за зајакнување на нивните дигитални вештини. Два часа во една недела, за еден ден. Тие ќе имаат домашна работа за следната недела, и тоа е практичната работа. Обучувачите ќе им останат на располагање (преку е-пошта) во случај да се појават некакви сомнежи..

- Практична работа (приближно 120 мин., 5 МНЗ и 5 млади) > Онлајн, во парови: МНЗ и младите мора да се состанат (виртуелно или физички), и да ја применат во пракса теоријата од часовите од претходната недела. Ова ќе се менува секоја недела, но ќе вклучува аспекти како раскажување, лични искуства, проблеми, интервјуа, сведоштва, анкети итн.).

- Корекции и ревизија на практичната работа: За време на лекцијата која ќе следи по практичната работа, ќе им биде дадено време на обучувачите да предложат некакви промени, и да ја корегираат работата од претходната недела.

Работејќи во парови, двајцата млади ќе изградат тим, кој би можел да доведе до потенцијален бизнис помеѓу луѓето од недоволно застапените заедници и младите. На овој начин ќе се осигура одржливоста.

После секој модул, обучувачите треба да презентираат краток информативен извештај. За ова ќе им биде обезбеден образец.

Визуелен приказ на модулите, прикажан на табелата на следната страница:

**Н: недела; М: месец*
*Времетраење на лекцијата: 2 часа неделно (2 часа во еден ден > една недела)*
*Времетраење на практичната работа: приближно 2 часа неделно*

| M2<br>Мод 1.<br>Креирање на сопствен таргетиран пазар | M3<br>Мод 2.<br>Креирање сопствени веб-страни за интернет сообраќај | M4<br>Мод 3.<br>Исплатли-вост на веб-страната | M5<br>Мод 4.<br>Совладува-ње на социјалниот ангажман | M6<br>Мод 5.<br>Постигнува ње на максимален успех преку создавање на содржини |
|---|---|---|---|---|
| H1 – Лекција<br>Избор на таргетиран пазар | H1 – Лекција<br>Лично брендирање | H1 – Лекција<br>Разбирање на протокот на пари во онлајн бизнисот | H1 – Лекција<br>Што значи социјалниот ангажман за вашиот бизнис? | H1 – Лекција<br>Содржината е ваша работа |
| H2 – Практична работа | H2 – Практична работа | H2 – Практична работа | H2 – Практична работа | H2 – Практична работа |
| H3 – Лекција<br>Создавање на почетна содржина за веб-страната | H3 – Лекција<br>Креирање содржина со клучни зборови | H3 – Лекција<br>Соодветни придружни програми | H3 – Lesson<br>Ставање во пракса на социјалните медиуми | H3 – Lesson<br>Зајакнување на разбирливоста на содржината |
| H4 – Практична работа | H4 – Практична работа | H4 – Практична работа | H4 – Практична работа | H4 – Практична работа |

## МЕСЕЦ 7

**6. ЕВАЛУАЦИЈА (4 часа, 1 обучувач)**

- Ова време обучувачите ќе го искористат за извршување на евалуација на тимовите од млади преку 5-те месеци работа. На располагање ќе им бидат корекциите на неделната практична работа (извештај), како и сопственото искуство додека предаваат онлајн со младите.
- На крајот, обучувачите, исто така, ќе изработат севкупен извештај во врска со процесот на обука.
- Вклучените партнерски организации ќе пополнат формулар за евалуација, за тоа како процесот влијаел врз нивната организација.
- Посетителите на обуката (МНЗ и младите) исто така ќе пополнат формулар за евалуација за стекнатото знаење.

Сите формулари за евалуација ќе бидат подготвени од страна на организацијата координатор.
Кога ќе бидат завршени сите формуларите за евалуација, координирачката организацијата координатор ќе изработи целокупен извештај за целиот процес.
За време на евалуацијата, тие ќе научат како да комуницираат со заедниците преку кампањи: обучуваните ќе научат како да ги читаат статистиките на Google analytics, Facebook analytics и Instagram analytics. За да се зголемат резултатите, тие ќе научат како да креираат дигитални кампањи на заедницата, со цел да ја вклучат засегнатата публика.

**Совети за обучувачот**
Регрутирање на обучувачи (персонал од Порака Нова) (лекции и евалуација на практичната работа). Обучувачите ќе ја развијат програмата за обука и материјалот за обука (прирачници).

# 3.6 ТИВКА ДЕБАТА

## На прв поглед...

Тивката дебата има за цел да им даде на младите можност да се изразат себеси на неколку актуелни теми, преку учење како да дебатираат и комуницираат меѓу себе и со креаторите на политики. Тивката дебата им овозможува на сите да бидат слушнати, повикува на почитување на мислењата и го олеснува изразувањето.
Овој метод го охрабрува дијалогот во врска со текстот и со другите членови на групата; го поттикнува личното вклучување и групната работа; Им дава време на сите да размислуваат, да се изразат себеси без да бидат прекинати, но и да ги слушаат другите.Овој метод може да се искористи како вовед, или во друг период за време на изучувањето на одредена тема. Пишувањето пред други може да претставува пречка за некои луѓе.Олеснувачот треба да е внимателен и да ги охрабри. Понекогаш е тешко да се започне со пишана кореспонденција. Олеснувачот може да го иницира придвижувањето на работите.



## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Тивка Дебата (ТД)**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Комбинирана, На меѓународно ниво

## ЦЕЛИ

- Да се едуцираат младите како да дебатираат и да се изразуваат себеси;
- Да научат како да ги презентираат своите прашања во правилен формат на соодветните инстанци;
- Да ги информират, и да ја подигнат свеста кај младите луѓе за актуелните проблеми;
- Да разменат мислења на актуелни теми со избраните претставници преку неформален пристап (дијалог);
- Да се охрабрат младите луѓе да се вклучат како граѓани;
- Активно учество на младите луѓе со креаторите на политики;
- Да дознаеме повеќе за 3 теми за кои моментално се води расправа во ЕУ (енергија, климатски промени, миграција, дигитализација итн.).

## КРАТОК ОПИС

Целта на оваа активност е да им се даде можност на младите да се изразат на неколку актуелни теми (климатски промени, дигитализација, миграција итн.), меѓусебно да дебатираат со цел да разменат различни идеи, и да ги претстават клучните елементи на избраните претставници, со кои би дебатирале во обидот да изнајдат решение за едно или повеќе општествени прашања.

Тивката дебата им овозможува на сите да бидат слушнати, повикува на почитување на мислењата и го олеснува изразувањето.
Овој метод го охрабрува дијалогот во врска со текстот и со другите членови на групата; го поттикнува личното вклучување и групната работа; Им дава време на сите да размислуваат, да се изразат себеси без да бидат прекинати, но и да ги ислушаат другите.
Овој метод може да се искористи како вовед или во друг период за време на изучувањето на одредена тема. Пишувањето пред други може да претставува пречка за некои луѓе.
Олеснувачот треба да биде внимателен и да ги охрабри. Понекогаш е тешко да се започне со пишана кореспонденција. Олеснувачот може да го иницира придвижувањето на работите.

**Рамка**

Луѓето би требало да можат да се движат околу масите. Ако групата е голема, треба да се постават неколку маси. Масите се покриени со бела хартија (хартиена покривка). Овој метод е погоден за групи од било која возраст, и за текстови од било каков вид.

**Пристап**

Масата (или неколкуте) е сместена во центарот на собата. Олеснувачот пишува збор, реченица, прашање или изјава поврзана со темата со големи букви во центарот хартиената прекривка од масата. Олеснувачот ги образложува правилата на овој дијалог: вежбата се одвива во целосна тишина. Секоја личност (вклучувајќи го и олеснувачот) ги запишува прашањата и размислувањата, кои формулата напишана во центарот ги инспирирала во него/неа.

**Опис на активноста Тивка дебата**

**Што да се направи**

Пишувањето и тишината им помагаат на младите луѓе подлабоко да истражат тема или концепт, и ги ангажира сите, особено оние кои се помалку вклучени во вербални дискусии бидејќи нема конкуренција која би го слушнала нивниот глас. Ова најдобро функционира кога се работи во парови или групи од три.

**Вклучете се**

Најпрво, одберете начин на стимулација за размислување, дебата и расправа. Ова може да биде прашање, цитат, проблем, извадок, идеја или слика − се што има влијание и ќе испровоцира размислување. Што и да изберете, ова треба да се запише во центарот на еден лист хартија (постер) оставајќи многу простор за младите луѓе да запишуваат.

**Реализација**

Објаснете им на сите дека активноста вклучува одговор на стимулот, преку пишување или цртање на нивните мисли и прашања околу него, и споделување на нивните размислувања. Можат да се користат пенкала во различна боја за секој млад човек, за да можете лесно да ги разликувате нивните мисли.

**Копирај и Залепи**

По 10 минути, едно младо лице од секоја група дискретно се движи низ просторијата во посета на другите групи, и притоа им е дозволено да 'крадат' идеи, за потоа да се вратат и да ги дополнат нивните опширни трудови.

(Варијација: наместо да копираат, младите остануваат на своето место, а постерите патуваат од една во друга група, обезбедувајќи им на младите луѓе можност да пишуваат/цртаат одговори на другите постери).

**Пауза**

Тишината е прекината по уште 5-10 минути и младите луѓе можат да разговараат за нивните идеи, и вербално да дискутираат.

**Анализирање**

Како група, навлезете во содржината и разговарајте за идеите, реакциите, и одговорите запишани во трудовите.

За да ја комплетирате активноста можете да ги поставите постерите на ѕидовите или преку масите, и да одржите еден вид 'Галерија' за учесниците да набљудуваат во тишина.

**Колку често да се користи**

Барем три пати.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Здружението (организацијата партнер)
- Три креатори на политики
- Тројца претставници за различни здруженија
- 30 млади
- 3 теми

**Ова е фокусирано на национално ниво. За да се пренамени да биде меѓународно, постои можност за додавање на дополнителна активност, која ќе им овозможи на различните земји кои учествуваа во оваа активност да разменат искуства за придовибките и резултатите од овој проект, и за финалниот настан.*

## МАТЕРИЈАЛИ

- Леток (долг една страна) со опис, целите и главните чекори на активноста со упатство. (на англиски, и потоа преведени на сите јазици).
- Онлајн истражување за регрутирање на младите
- Кратка презентација на 3-те теми на кои ќе се дебатира
- Хартија (А3 и А4 формат)
- Лепливи белешки
- Пенкала во боја и моливи.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

- МЕСЕЦ 1: Создавање на летокот, The Survey Monkey, регрутирањето на млади и контактирање на релевантните учесници (креатори на политики, различни организации) и онлајн состаноци
- МЕСЕЦ 2: Состаноци со креаторите на политики и организациите претставници + почетниот состанок
- МЕСЕЦ 3: Обука 1, Обука 2 и корекција на предлогот
- МЕСЕЦ 4: 3 дела од Обука 3 и финален настан

**Вкупно 4 месеци.**

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

## МЕСЕЦ 1

**1. РЕГРУТИРАЊЕ НА МЛАДИ (3 до 4 недели)**
Ќе се изработи истражување со Survey Monkey со цел да се регрутираат младите, што нема да одземе повеќе од 5 минути за да се пополни. Истражувањето ќе биде распространето преку официјалните социјални медиуми на проектот (веб-страната, Instagram, Facebook) плус платформите на другите партнери. Покрај тоа, истражувањето ќе биде распространето и во училиштата, универзитетите и другите организации. Исто така, ќе се користи и е-пошта. Откако ќе биде завршено истражувањето, 30 млади луѓе ќе бидат избрани кои ќе добијат потврден мејл. Исто така, од вкупната бројка на предложени теми, ќе бидат избрани 3 теми (кои собрале најмногу гласови). Идеално би било да се направи и WhatsApp група, со цел младите да бидат во тек и да имаат пристап до броевите на другите млади. Тие, исто така, ќе бидат информирани за темите на кои ќе се работи.

**Ова истражување ќе биде изработено на англиски јазик и преведено на јазиците на конзорциумот на проектот. Меѓу прашањата ќе најдеме:*
*- Краток опис на активноста, главните чекори во временска рамка*
*- Име*
*- Пол.*
*- Возраст*
*-Моментална ситуација (студент/не студира/вработено/невработено лице)*
*- Избор на нивните омилени теми (климатски промени/пол/невработеност/дигитализација/одржлив развој/образование итн.)*
*- Апликација за контакт која ја преферираат (WhatsApp или Email)*
*- Поле каде треба да се одговори дали сакаат да учествуваат, дали се достапни за време на месеците за обука, и дали навистина сакаат да учествуваат во оваа активност.*

Откако ќе бидат избрани сите 30 млади, врз основа на разновидноста и различното потекло, ќе се одржи онлајн состанок со цел да се претставаат меѓусебно, и што е најважно, да ја потврдат нивната помош околу обуките и завршниот настан.

**2. КОНТАКТИРАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ УЧЕСНИЦИ (КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ И СООДВЕТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ) (3 до 4 недели)**
-Релевантни организации: откако ќе бидат избрани 3-те теми во согласност со интересите на младите, организацијата партнер ќе избере 3 организации кои соодветствуваат со темите. Тие ќе се потпрат на организации со кои можеби веќе соработувале, и кои се од областа (зависно дали се работи локално или национално).

Корисни алатки за иницирање контакт со релевантни организации: мрежа на организацијата, пошта, социјални медиуми итн. Ќе биде испратен леток со дополнителни информации. Ако се заинтересирани за учество, тие ќе бидат поканети на онлајн состанокот, на кој организацијата на агендата ќе биде образложена и прилагодена на нивниот распоред.

- Креатори на политики: откако ќе бидат избрани 3-те теми во согласност со интересите на младите, организацијата партнер ќе го дистрибуира летокот до потенцијалните заинтересирани креатори на политики за учество во оваа активност. Корисни алатки за иницирање контакт со креаторите на политики: мрежа на организацијата, пошта, социјални медиуми итн.

Ако се заинтересирани за учество, тие ќе бидат поканети на онлајн состанокот на кој организацијата на агендата ќе биде образложена и прилагодена на нивниот распоред.

## МЕСЕЦ 2

**3. ОНЛАЈН СОСТАНОК (30мин. секој) > Zoom**

**-Креатори на политики:** Ќе се одржи онлајн состанок помеѓу организацијата партнер и 3-те креатори на политики. Кратко објаснување на проектот и различните чекори; и акцент на нивната улога и она што организацијата партнер го очекува од нив (да слушаат, да ги споделат своите искуства, да дебатираат). Партнерската организација ќе понуди неколку датуми за прослава на завршниот настан. Конечната одлука ќе биде донесена според агендите на креаторите на политики.

**-Релевантни организации:** Ќе се одржи онлајн состанок помеѓу организацијата партнер и 3-те претставнички организации. Кратко објаснување на проектот и различните чекори; и акцент на нивната улога и она што партнерската организација го очекува од нив (обука и евалуација). Датумите за обуките на кои ќе учествуваат ќе бидат објавени, како и датумот за

**4. ПОЧЕТЕН СОСТАНОК (90мин. > Zoom)**

Организацијата партнер ќе биде присутна, бидејќи тие ќе бидат обучувачи и проценувачи. Како опција постои да се поканат претставничките организации, во случај да сакаат да помогнат околу настанот.

За време на оваа КОМ, различните членови ќе работат на водич за неформални активности кои ќе се користат во денот на обуката #1. Овој водич треба да вклучува активности со фокус на тоа како да се дебатира, како да се зборува во јавноста, развивање на вештини за убедување, и на тоа како да се начне конкретно прашање. Тие ќе ги поминат и чекорите на тивката дебата. Исто така, ќе има преглед на методологијата и на целите на проектот. Претходно изготвена кратка презентација која ги прикажува основните информации за 3-те теми, исто така, ќе биде изработена од страна на здружението.
Целта е да се финишира состанокот со неопходните алатки за реализација на активноста со младите на првиот ден на обуката:
> работен лист за тивката дебата, подготвен за спроведување.
> Документ со неколку примери за различните неформални активности, во однос на тоа како да се дебатира итн.

## МЕСЕЦ 3

**5. ОБУКА ДЕН 1** (180мин., 30 млади, 3 до 4 членови на здружението партнер)
Хартија, лепливи белешки и пенкала во боја

**Прв дел (120мин.)**
Оваа сесија ќе биде презентирана и реализирана од здружението партнер преку неформални активности, следејќи го претходно договорениот водич (како да дебатирате, како да ги споделите вашите идеи итн.). Доколку е потребно, младите за активностите ќе бидат поделени во групи. Атмосферата мора да биде опуштена и пријателска, со цел да се поттикне учеството и размената на различни идеи. Подоцна, еден од членовите на здружението ќе ги претстави 3-те теми со помош на некаква активност или кратка презентација.

**Втор дел (60мин.)**
30-те млади ќе бидат поделени во 6 групи, по пет луѓе во секоја група. Тие ќе одлучат во која група сакаат да учествуваат, бидејќи секоја група ќе се фокусира на една од трите избрани теми.

| Тема 1 | Тема 2 | Тема 3 |
|---|---|---|
| Група 1 | Група 3 | Група 5 |
| Група 2 | Група 4 | Група 6 |

Откако ќе бидат формирани групите, сите ќе седнат со своите партнери, и ќе разговараат околу 15 до 20 минути за нивните познавања на избраната тема.
За следниот ден на обуката, од нив ќе биде побарано да напишат "домашна работа" (онлајн истражување за темата).

**Ќе им биде предаден документ со некои прашања кои ќе ја инспирираат нивната дискусија/дебата: дефиниција, зошто е ова проблем? Кои се решенијата?*
**Ќе биде направена кратка евалуација на почетокот и на крајот на обуката преку неформални активности.*

**6. ОБУКА ДЕН 2** (120мин., 30 млади, 3 до 4 членови на здружението)
**Прв дел (20мин.) РАБОТЕН ЛИСТ ЗА ТИВКАТА ДЕБАТА**
Младите ќе бидат сместени во нивните групи околу една маса со листот за активности. Ќе има кратка презентација за активноста (5мин.), и потоа ќе следи подолг дел за развојот на активноста сама по себе (15мин.).

**Види го работниот лист.*

**Втор дел (80мин.)**
Откако на документот ќе одговорат сите членови на групата, сите одговори ќе бидат прочитани на глас пред целиот тим, со цел да се разјаснат информациите, и доколку е потребно да се додадат повеќе детали (10мин.).
Во текот на 45-те минути, секој тим ќе работи заедно со цел да се изработи првиот предлог заснован на претходно запишаните идеи. Документот нема да биде подолг од една страна и тој, исто така, ќе вклучува прашања насочени кон избраните претставници на конкретната тема.

**Здружението ќе подготви документ со подточки кои ќе бидат пополнети со информациите обезбедени од тимот. Ова ќе се искористи за изготвување на предлогот.*
**Ќе биде направена кратка евалуација на почетокот и на крајот на обуката преку неформални активности.*

**7. ПРЕГЛЕД НА ПРЕДЛОГОТ (1 недела)**
Здружението кое ја организира оваа дебата ќе има на располагање една недела да ги прочита и корегира (ако е потребно) 6-те предлози.

## МЕСЕЦ 4

**8. ОБУКА ДЕН 3** (105мин., 30 млади, 3 до 4 членови на здружението и здруженијта на претставниците)
**Прв чекор (60мин.)**
Со цел да се добијат повратни информации од здруженијата на претставниците (ЗП) кои се фокусирани на темата, ЗП гласно ќе ги прочита претходно напишаните предлози пред младите, давајќи им инструкции, совети и технички информации за подобрување на предлогот. Младите ќе фаќаат белешки.
**Втор чекор (45мин.)**
Младите ќе бидат распоредени во групи и сите ќе имаат по 45 минути да подготват терен за нивниот предлог, врз основа на претходно добиените информации. Целта на оваа активност ќе биде сите 6 тимовви да имаат простор од 5 минути.

**Тие ќе имаат на располагање модел за пополнување на информациите за теренот, кои ќе бидат предадени пред обуката.*
**Ќе биде направена кратка евалуација на почетокот и на крајот на обуката преку неформални активности ќе биде направена.*

**9. НАСТАНОТ** (150мин., 30 млади, 3 до 4 членови на здружението, 3 креатори на политики и здруженија на претставниците (доколку сакаат))
На завршниот настан, сите млади, членови на здружението и креаторите на политики ќе бидат заедно во публика.
По еден член од секој тим ќе се обрати до присутниот аудиториум (млади, здружение на организаторот, претставници на здруженијата), и ќе има на располагање 5 минути да ги соопшти главните идеи на подготвениот терен. Потоа ќе се одвојат 20 минути за секој терен за дебата со публиката.. Токму во овој момент, комуникацијата помеѓу креаторите на политики и младите е навистина важна. Неформалната и хоризонтална размена би била идеална, придонесувајќи младите да ја разберат својата важност, но и да бидат почитувани.

Со цел да се проследат впечатоците на учесниците, ќе биде достапен онлајн прашалник (Survey Monkey) преку QR код на крајот од настанот. Сите учесници се добредојдени да одговорат на прашањата, и да обезбедат краток фидбек.

**Обезбедете прашалник кој можеби повторно ќе се користи во други активности.*

## Совети за обучувачот

Постојат многу начини да се направи тивка дебата. Активност. Може да биде со движење околу маса, со седење, комбинација на двете итн. Некои критериуми остануваат клучни за успехот:

**1. ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА**

Првото нешто за што ќе сакате да размислите кога подготвувате тивка дебата се самите прашања за дискусијата.

Вреди да се напомене дека не мора дури ни да користите прашања поврзани со темата на која работите, меѓутоа осигурајте се дека прашањата се поврзани со учесниците, и дека учесниците треба да имаат право на збор за проблемот.

**2. ПРЕБРОЈТЕ ГИ УЧЕСНИЦИТЕ**

На почетокот на активноста, ќе сакате да ги подредите младите според бројот на прашања кои ги имате. Имајте предвид дека е во ред повеќе од едно младо лице да го добие истиот број.

**3. ЗАПИШЕТЕ ГИ ПРАШАЊАТА ЗА ДИСКУСИЈА**

Проектирајте ги или запишете ги прашањата за дискусија на табла под редни броеви. Натерајте ги сите млади луѓе да извадат лист хартија и да го запишат прашањето поврзано со бројот кој им го доделивте.

**4. ТИВКАТА ДИСКУСИЈА МОЖЕ ДА ЗАПОЧНЕ!**

Добро, сега сме веќе подготвени за почеток на тивката дискусија. Еве како ќе функционира... Младите луѓе започнуваат со пишување на одговор на прашањето кое им беше доделено првиот пат. Тука доаѓаат различните опции. Можете да си дозволите да почекате, да направите едно иместување на друга маса, да ги пуштите да се движат слободно итн.

Алтернатива на описот на тивката дебата погоре е:

Кога ќе завршат, стануваат и се движат низ собата (тивко) чекајќи некој друг да заврши. Потоа, тие седнуваат на своето ново столче, го читаат своето ново прашање, и тоа што го напишало лицето пред нив, и го пишуваат својот одговор! Можат да дадат одговор на првобитното прашање, или на тоа што другите млади луѓе го напишале пред нив.

Кажете им на младите доколку наидат на прашање на кое веќе одговориле, да изберат друго место. Некои младински работници одлучуваат да побараат од младите луѓе задолжителен број одговори кои мора да ги напишат, но можеби ќе има некои лица со потешкотии во пишувањето, па дозволете им да напредуваат со свое темпо. Исто така, имајте на ум дека понекогаш (особено во раната фаза), младите луѓе можеби ќе мора да подзастанат, и да почекаат неколку минути за да најдат ново место за седење!

**5. ОТВОРЕНА ДИСКУСИЈА**

Дозволете им на младите луѓе да се вратат на своите места и да ја прочитаат својата оригинална тема на дискусија. Потоа, како група, поминете го секое од прашањата едно по едно, и иницирајте отворена дискусија.
Поттикнете ги младите луѓе да образложат како одговориле останатите гледајќи во листот пред нив.

**ПРИДОБИВКИ ОД ТИВКАТА ДИСКУСИЈА**

Постојат многу придобивки од тивки дискусии со твојата ELA училница.
Кога ќе ја одржите отворената дискусија на крајот, младите луѓе се далеку порасположени да зборуваат бидејќи имале шанса да ги обработат информациите, да ги прочитаат размислувањата на своите врсници, и да оформат свои мислења.
Не сите млади луѓе ќе одговораат на истите прашања, што најверојатно ќе резултира различни млади луѓе да земат учество во различни прашања.

Така добиваме 30 минути на речиси целосна тишина, што може да биде добро за главоболката на младинскиот работник.:-)
Ако е поврзано со нешто што го проучувате, на крајот можете да се навратите на прашањата за дискусија, за да увидите дали нивните мислења се промениле.

# 3.7 КРЕНИ ГО ГЛАСОТ

**На прв поглед...**

Крени го гласот е активност чија цел е искористување на креативноста на младите на возраст помеѓу 13 и 25 години на две теми: нивниот град и нивното училиште. Затоа, тие можат да ги изберат и споделат со нас различните прашања/проблеми што ги доживуваат, воедно и за да можат креаторите на политики да ги слушнат и да се вклучат.



## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Крени го гласот**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Комбинирана активност. Локално и национално ниво. Можност за креирање платформа со цел да се овозможи меѓународна размена на различните видеа и фотографии од различните земји.

## ЦЕЛИ

1. Да им овозможи на младите да го создадат својот иден град и училиште на креативен начин.
2. Да се претстави разликата во животот во центарот на градот и во рурална област.
3. Да се претстави идејата за еднакво, иновативно, отворено и демократско училиште и општество.

## КРАТОК ОПИС

Оваа активност има за цел да организира и спроведе голем број активности, кои ќе им овозможат на младите луѓе да ги истакнат најдобрите и најлошите места во градот, и да го споредат нивното секојдневно патување и живот во однос на тоа каде живеат. Ќе се одвиваат две главни активности:
1. Да се создаде фотосафари и видео, овозможувајќи им на младите да ја искористат својата креативност, или да создадат видео од 5 минути кое ги одразува дневните услови на младите (16-25 години).
2. Да им овозможи на младите да ја ко-дизајнираат иднината на училиштата во поглед на зградите, пристапноста, активностите, учеството итн. преку дигитален графички натпревар. Ова ќе доведе до создавање на дигитална тетратка со скици со резултатите од учесниците на натпреварот (13-17 години).
Подоцна, ќе се одржи виртуелна изложба (а исто така и на физички места во градот/општината, како музеите, библиотеките итн.), и каде ќе бидат претставени конечните резултати од овие настани.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Најмалку 10 млади (16 до 25 години) за дизајнирање на активностите – фотосафари и видео приказ на нивниот град
- Најмалку 10 млади (13 и 17 години) да ја ко-дизајнираат иднината на училиштата, и подоцна да учествуваат на натпреварот – дигитална тетратка со скици
- Организацијата партнер која ја организира активноста
- Директор на училиште, наставници
- Родители.
- Одговорен од градското собрание.

## МАТЕРИЈАЛИ

- 2-3 фотосафари од секоја земја
- 5-10 видеа од секоја земја
- Создавање на различни шаблони, истражувања и евалуации.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

5 месеци.

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

## МЕСЕЦ 1

**1. РЕГРУТИРАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ (2 недели)**

Отворен повик преку училиштата, локалните уметнички групи, други организации и лични контакти со цел регрутирање на млади ќе се врши во текот на првиот месец од проектот. Ќе бидат искористени официјалните социјални медиуми на проектот (веб-страна, Instagram, Facebook), плус платформите на другите партнери, исто така, ќе бидат искористени.

По комплетирање на процесот ќе бидат избрани околу 20 млади луѓе (10 од 16-25 години, и 10 од 13-17 години), и ќе добијат порака за потврда преку е-пошта. Идеално би било да се направи и WhatsApp група, со цел младите да бидат во тек и да имаат пристап до броевите на останатите млади.

Малолетниците може да бидат контактирани преку нивните наставници или родители.

**2. РЕГИСТРАЦИЈА НА ГРУПИТЕ МЛАДИ И АКТИВНОСТИ ЗА КО-КРЕИРАЊЕ** (2 недели)

Откако ќе бидат селектирани околу 20 млади, тие ќе бидат поделени во групите со кои ќе работат (16-25 и 13-17).

Две активности за ко-креирање, по една за секоја група, ќе бидат олеснувани од страна на партнерската организација, со цел да им се помогне на младите подобро да се справат со активностите. Ова, исто така, ќе биде придружено со активности за загревање, и активности за опуштање. Активностите за ко-креирање имаат за цел да го скршат мразот за младите, и да им овозможат увид во тоа каква ќе биде активноста. Овие активности се многу корисни бидејќи тие ќе послужат како инспирација за младите кога ќе мора да бидат покреативни. Тоа, исто така, ќе биде шанса за младите вистински да разберат за што се работи во оваа активност.

lso be a chance for youngsters to truly understand what this activity is about.

*Активности за ко-креирање*

*WALK SHOP (млади од 16-25 години, 1 или 2 обучувачи од организацијата партнер) (150мин.): WALK SHOP е активна работилница, осмислена да инспирира, и да овозможи подобро разбирање на средината во која се наоѓате. Тоа е корисен метод за истражување на контекстот и луѓето во него, бидејќи дава добра и конкретна идеја за тоа од која област е случајот. WALK SHOP ги прикажува локалните прашања на начини кои се лесни за помнење. Овозможува набљудување и препознавање на проблемите и можностите во вистинската средина.*

*Овој вид активност за ко-креирање ќе ги олесни корисните алатки на учесниците за фотосафарито и изработката на видео.*

**Види го описот на активноста “WALK SHOP”.*

*ЛУДА ОСУМКА (млади од 13-17 години, 1 обучувач од организацијата партнер) (60мин.) Активност со помладите деца, со цел тие подобро да ги визуелизираат своите идни училишта.*

**Види го описот на активноста “CRAZY8”*

## МЕСЕЦ 2

**3. ПОСТАВУВАЊЕ НА ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА СЕКОЈА ГРУПА ИЛИ ПОЕДИНЕЦ** (Zoom, 60мин.) Два состаноци помеѓу партнерските организации и различните групи на млади ќе се одржат онлајн. Наставниците и родителите, исто така ќе бидат поканети да се придружат доколку сакаат да учествуваат. На состаноците ќе бидат поделени следниве инструкции:

- Секоја група или поединец ќе има на располагање еден месец да работи на материјалот, што потоа ќе го испратат до организацијата (фото сафари, видео и дигитални уметнички дела). The partner organization will be at their disposal if needed to assist them (email, WhatsApp). Организацијата партнер ќе биде на располагање ако е потребно да им помогне (email, WhatsApp).
- Споделување на потенцијално корисни алатки за уметничкото дело (уредување на фотографии, режење и монтирање на видеа), како и други препорачани чекори ќе бидат предложени од партнерската организација.

**4. ФОТОСАФАРИ, ВИДЕА И ДИГИТАЛНА ТЕТРАТКА СО СКИЦИ**

*Види го описот на активноста “ФОТОСАФАРИ”, “СОЗДАВАЊЕ ВИДЕА” и “ДИГИТАЛНА ТЕТРАТКА СО СКИЦИ”.

**5. СОЗДАВАЊЕ НА СПИСОК И КОНТАКТ СО РЕЛЕВАНТНИТЕ УЧЕСНИЦИ** (3 недели)
Истовремено, ќе биде создаден и список со различните можни учесници. Во него, ќе се содржани следниве спецификации:

| Име на учесникот | Потенцијал-на активност | Контакти | Да/Не |
|---|---|---|---|
| *Library* | *Изложба на фотографии на влезот.* | *blabla@example.com* | *Да* |
| *Училиште за ...* | ..... | ..... | ..... |
| *Локали власти* | ..... | ....... | ....... |

Овој список мора да ги вклучува и учесниците кои (1) ќе бидат на располагање за секоја <u>можна изложба</u> и (2) ќе се согласат <u>да помогнат во распространувањето</u>. Можните датуми ќе бидат договорени помеѓу организациите партнери и секој учесник, бидејќи ќе се одржат неколку изложби.

**6. ПОСТАВУВАЊЕ НА СОДРЖИНА НА КРЕНИ ГО ГЛАСОТ НА ВЕБСАЈТОТ НА NEUEYT**
Организацијата партнер ќе биде одговорна за креирање на профил на платформата на NEUEYT за прикажување на фотографиите, видеата и тетратките со скици.

## МЕСЕЦ 3

**7. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРИБАВЕНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ (2 недели)**
Сите млади ќе ги испратат своите фотографии и видеа преку е-пошта до организацијата партнер. Тие, исто така, ќе одговорат на 3 прашања за тоа како се чувствуваат по завршување активноста, дали се среќни со својата работа итн. (Евалуација)
- Потоа, партнерската организација ќе има на располагање 2 недели за да го процени добиениот материјал и да го прикачи на платформата. Ако нешто не се визуелизира правилно, или ако се појават некои прашања, организаторите ќе бидат достапни за понатамошна дискусија.

**8. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОТВОРЕНИТЕ НАСТАНИ (3 недели)**
Откако документите ќе бидат прикачени на платформата, организацијата партнер ќе ги провери закажаните настани (=изложби), и ќе ги потврди датумите со учесниците.
- Потоа ќе се продолжи кон печатење на фотографиите, организирање на просторија во која ќе бидат прикажани фотографиите и споделување на видеата. Исто така, ќе биде неопходно да се создаде панел со општи информации за активноста, фотографиите и сведоштвата од прашалниците.
- QR кодот со кус прашалник ќе биде достапен, со цел да се добијат повратни информации од јавноста.
- Ќе се испрати и покана до креаторите на политики да присуствуваат на работната презентација.

## МЕСЕЦ 4

**8.ОТВОРЕНИ НАСТАНИ (1 or 2 месеци)**
Во текот на четвртиот месец од активноста, едно или повеќе места ќе учествуваат во презентација на содржината на овој проект. Датумите ќе бидат претходно закажани.

**9. РАСПРОСТРАНУВАЊЕ, ПРОМОЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ –** за време на целиот проект. Дигиталните алатки кои ќе се користат за ширење на информациите ќе бидат Instagram, тагирање, тик ток, дигитална тетратка со скици, видеа, дигитални фотографии итн. Алатките кои се предвидуваат се следниве, социјалните медиуми, телевизиското и радио покривање, соопштенија за печат, користење на постоечки локални мрежи, користење на постоечките медиумски часови во училиштата, промоција на активности за време на глобалните денови.

## МЕСЕЦ 5

**10. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОСТАПКАТА**

- Кус извештај со главните цели на проектот, фотографиите од активностите, сведочењата, евалуација од страна на јавноста, ризиците... со цел да се осигура одржливоста на проектот.
- Прашалник за младите.
- Интервјуа до креаторите на политики на кои им поставуваат општи прашања за е-демократијата итн. Однапред испратете им ги материјалите.
- Кратко видео кое ги сумира горенаведените информации. Изработете го неколку месеци по презентацијата на проектот.

*ВО СЛЕДНИТЕ СТРАНИЦИ (75-95 СТРАНИЦИ) СИТЕ АКТИВНОСТИ VOICE UP (КРЕНИ ГО ГЛАСОТ) ЌЕ БИДАТ ДЕТАЛНО ОБРАБОТЕНИ.*

# ЛУДА ОСУМКА

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**ЛУДА ОСУМКА**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Ова е активност за ко-креација за малите деца, за олеснување на нивното учество во дигитална уметничка активност.

## ЦЕЛИ

-Да се научи како да се претстави една идеја.
-Размена на информации за широк спектар на идеи во кратка временска рамка.
-Да дебатираме меѓу себе.

## КРАТОК ОПИС

Луда осумка е метод кој ве тера да размислувате надвор од границите вашата оригинална идеја, и да генерирате голем број идеи или решенија во краток временски рок. Тоа е вежба за скицирање која ги предизвикува луѓето да осмислат 8 идеи за 8 минути.
Идеалното место за одржување на оваа активност е на отворен простор, со големи маси околу кои може да седат групите на млади.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Најмалку 10 млади на возраст од 13-17 години
- 1 или 2 олеснувачи од организацијата партнер

## МАТЕРИЈАЛИ

- Хартија А4 формат (ако е можно во боја)
- Пенкала, маркери
- Самолепливи кругчиња

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

1 ЧАС

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

**1. РАСПРЕДЕЛБА НА ТИМОВИТЕ (10мин.)**
Сите млади ќе бидат поделени во групи (10 млади => 2 групи по 5. Ако е помала група, тие можат да останат во иста група) и да седат околу масата. Потоа ќе им биде даден лист хартија кој ќе мора да го поделат на 8 делови.

**2.Активност (8мин.)**
Предлогот за "иднината на училиштата" ќе им биде претставен на младите. Потоа ќе имаат 8 минути да ги пополнат 8-те делови со идеи кои би можеле да бидат интересни за иднината на училиштата. Кога ќе истече времето, сите мора да престанат со пишување.

**3.ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИДЕИТЕ (20мин.)**
На различните маси, младите мора едни на други да ги презентираат различните идеи што ги осмислиле.

**4.ГЛАСАЊЕ (5мин.)**
Младите ќе имаат на располагање три самолепливи кругчиња. Нив ќе ги искористат за да гласаат за своите омилени идеи надвор од групата, а секоја група е составена од луѓето на масата.

**Важно: во зависност од бројот на деца, ако се мал број, тие можат да користат еден единствен документ (А3) за да ги напишат сите свои идеи. Меѓутоа, ако се во поголем број, сите ќе имаат по еден лист хартија, каде што ќе можат да ги запишат своите идеи.*

**Совети за обучувачот**

Некои членови на тимот или учесници кои не скицираат секојдневно, би можеле на почетокот да го сметаат методот за застрашувачки. Затоа е од корист да ги увериме сите дека ова се груби нацрти. Не мора да бидат прецизни или убави.

# ВИДЕО ИЗРАБОТКА & ДИГИТАЛНА ТЕТРАТКА СО СКИЦИ (КРЕНИ ГО ГЛАСОТ)

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Видео изработка**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Оваа активност ќе се реализира во групи, или поединечно од секој учесник.

## ЦЕЛИ

- Да им овозможи на младите луѓе да ги истакнат најдобрите и најлошите места во градот, и да го споредат нивното секојдневно патување и живот во однос на местото каде што живеат.
- Во групи, да се направи 5 минутно видео кое го одразува секојдневниот живот од перспектива на младите (соседството, патување, користење јавен превоз, одење на училиште или работа итн.)

## ПОДГОТОВКА

Подготовката се одвиваше преку walk shop кој веќе се реализира.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Најмалку 10 учесници (16-25)

## МАТЕРИЈАЛИ

Камера/Телефон

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Секој учесник ќе има на располагање еден месец за комплетирање на активноста.

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

1. Поканете ги младите луѓе да учествуваат
2. Организирај walk shop за да ги запознаете и ангажирате
3. Назначете точка на фокус која ќе ги следи и поддржува за време на едномесечниот период на создавање
4. Соберете ги сите видеа и прикачете ги на платформата
5. Организирајте ја презентацијата на материјалот на отворен јавен настан, и поканете ги креаторите на политики

На фотографиите што ги сликаат, треба да одговорат на ова кратко прашање:
Што те натера да го снимиш ова видео?

**Совети за обучувачот**

Добро е да се испланира отворениот настан во корелација со уште еден официјален ден, со цел да се привлече поголемо внимание од јавноста. Добра можност за организација на овој настан би можела да биде Европската недела на мобилност.

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Дигитални уметнички дела и тетратка со скици**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Оваа активност ќе се реализира во групи или индивидуално.

## ЦЕЛИ

- Децата да ги ко-дизајнираат идните училишта преку дигитален графички натпревар. Исходот би бил дигитална тетратка со скици.

-Да се фокусираат на визуелизација на нивните училишта преку дигитална уметност во поглед на објектите, демократијата, учеството, отвореноста, разновидноста, емпатијата и креативноста.

## ПОДГОТОВКА

Подготовката се одвиваше преку вежбата за ко-креирање луда осумка, која веќе се реализира.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Најмалку 10 луѓе, на возраст 13-17 години

## МАТЕРИЈАЛИ

Компјутер, таблет, хартија, маркери (се што децата имаат желба да користат)

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Сите учесници ќе имаат на располагање еден месец да го креираат своето дигитално уметничко дело

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

1. Поканете ги младите луѓе да учествуваат
2. Организирајте состанок за ко-креирање за лудата осумка, за да ги запознаете и ангажирате
3. Назначете точка на фокус која ќе ги следи и поддржува за време на едномесечниот период на создавање
4. Соберете ги сите дигитални уметнички дела и прикачете ги на платформата
5. Спојте го целиот материјал во една тетратка со скици
6. Организирајте го распространувањето на тетратката со скици, и поканете ги креаторите на политики да ја разгледаат.

Тие ќе имаат помош во секое време.

**Совети за обучувачот**

Споделете ја тетратката со скици за време на некој официјален ден, како би привлекле поголем публицитет.

# ФОТОСАФАРИ (КРЕНИ ГО ГЛАСОТ)

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Фотосафари**

## ВИД НА АКТИВНОСТА

Оваа активност ќе се врши физички од секој од учесниците. Сепак, презентацијата може да се направи онлајн.

## ЦЕЛИ

- Да им овозможи на младите луѓе да ги истакнат најдобрите и најлошите места во градот, и да го споредат нивното секојдневно патување и живот во однос на местото каде што живеат.
- Младите или група млади да изработат фото албум кој го прикажува секојдневното живеење во поглед на соседството, патувањето, користење на јавниот превоз, одењето на училиште или работа итн.

## ПОДГОТОВКА

Подготовката се одвиваше преку walk shop кој веќе се реализира.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Најмалку 10 учесници (16-25)

## МАТЕРИЈАЛИ

Камера/ Телефон
Материјалот ќе биде испратен до организацијата партнер, која ќе ги собере сите фотографии, и ќе состави дигитален албум кој ќе го прикачи на платформата.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Секој учесник ќе има на располагање еден месец за да ја комплетира активноста

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

1. Регрутирање на учесниците
2. Организирајте walk shop за да ги запознаете и да започнете со нивно мотивирање
3. Назначете точка на фокус која ќе ги следи и поддржува за време на едномесечниот период на создавање
4. Соберете ги сите изработени фотосафари и прикачете ги на платформата
5. Организирајте ја презентацијата на материјалот на отворен јавен настан, и поканете креатори на политики

На фотографиите што ги сликаат, треба да одговорат на ова кратко прашање:
Што ве натера да ја направите оваа фотографија?

**Совети за обучувачот**
Добро е да се испланира отворениот настан во релација со уште еден официјален ден, со цел да се привлече поголемо внимание од јавноста. Добра можност за организација на овој настан би можела да биде Европската Недела на мобилност.

# WALK SHOP – АКТИВНОСТ ЗА КО-КРЕИРАЊЕ

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Walk shop**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Ова е активност за ко-креирање што обезбедува олеснување за учесниците на фотосафарито и снимањето на видеото. Физичко присуство.

## ЦЕЛИ

1. Да се инспирирате и подобро да ја разберете околината во која се наоѓате.
2. Да се истражи контекстот и луѓето во него (дава добра и конкретна идеја за областа во овој случај).
3. Да се претстават локалните прашања.
4. Да се набљудува и да се идентификуваат проблемите.
5. Да се создадат можности во вистинската средина.

## ПОДГОТОВКА

Организирајте walk shop со планирање на рутата низ градот или селото со соодветни паузи. Секоја станица има поинаков однос кон темата на која се работи. Обидете се да подготвите активност (дискусија, задача за пребарување, сесија со цртање итн.) на секоја станица.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 2 олеснувачи (членови на организацијата партнер)
- Најмалку 10 млади на возраст 16-25 години

## МАТЕРИЈАЛИ

Мапа на областа и тетратка, неколку маркери и хартија (ако е потребно)
- Шолји за еднократна употреба за безалкохолни пијалоци од кафулето.
- Маркери, пенкала, моливи.
- Тетратки
- Хартија.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

-Претходна средба со различни тезги (90мин.)
-Прошетка (околу 60мин.)

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

**1. ПОСТАВУВАЊЕ НА РУТАТА (90мин.)**
Двајцата олеснувачи ќе поминат еден час шетајќи низ центарот на градот, разгледувајќи ги потенцијалните места за застанување и одржување на кратка активност. Тие ќе фатат белешки за ова, а како опција можат да разговараат со сопствениците на станиците за повеќе информации.

**Пример за различните активности кои би можеле да ги спроведуваат олеснувачите и младите за време на рутата: да имаат куса дискусија/дебата, да направат сесија со цртање... Секоја станица мора да биде поврзана со одредена тема.*

**2. WALK SHOP (60мин.)**
Прошетката ќе започне на централно место, на пример голем плоштад. Материјалите ќе бидат поделени од страна на олеснувачите (тетратки или хартија и пенкала).
Кога сите ќе се соберат заедно, прошетката организирана од олеснувачите ќе започне. На секоја станица ќе има кратка активност која треба да се спроведе помеѓу младите, што ќе биде претставени од олеснувачите.

**3. КРАЈ НА РУТАТА (30мин.)**
Овој walk shop ќе заврши на истиот плоштад каде сите се собраа на почетокот. Ќе следува опуштена комуникација помеѓу младите, околу можните идеи за нивната идна работа на фотосафарито и видеото.

# РАМКА

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Активност за загревање**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Воведна активност при започнување на работилница/ работен состанок, или активност за ко-креирање, на пр. луда осумка или walk shop.

## ЦЕЛИ

Оваа активност може да се користи на почетокот на состанокот, како метод за кршење на мразот.

## КРАТОК ОПИС

Активностите за загревање секогаш се корисни за кршење на мразот помеѓу учесниците, и за да им дадеме шанса да увидат дека нашите работилници користат забавни методи за ко-креирање. Придобивката е да направиме на луѓето да им биде удобно, и да се чувствуваат како дел од новата заедница.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Зависно од активноста ќе има 10-15 луѓе.

## МАТЕРИЈАЛИ

Зависно од активноста ќе има 10-15 луѓе.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

5 до 10 минути.

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

За почеток ќе избереме мала игра, за да им помогнеме на луѓето да се чувствуваат удобно, да се запознаат со останатите учесници и да им дадеме првичен впечаток дека овој состанок нема да биде само досадна "испорака на информации", туку игрива размена на ставови и идеи.

Примери на активности за загревање:
- формирајте круг и побарајте од секој учесник да ја погледне личноста која стои до него/неа, да го кажат неговото/нејзиното име, и да дадат краток коментар за нивното расположение што се присутни тука денес
-нацртајте крст на земјата и во секој квадрат напишете по еден збор: а) возбудени б) љубопитни в) збунети г) досадно. Потоа побарајте од секој учесник да скокне во полето кое најдобро ги опишува неговите/нејзините чувства.

**Совети за обучувачот**

Само искористете ја вашата фантазија за да смислите брза и забавна активност, со цел да го скршите мразот.

## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**Активности за опуштање**

## ВИД НА АКТИВНОСТ

Активности за ко-креирање за време на работилница/состанок.

## ЦЕЛИ

-Да се финализираат активностите за тој ден со споделување на вашите чувства со останатите.
-Размена на мислења во врска со најдобрите и најлошите делови од активноста.

## КРАТОК ОПИС

Оваа активност за одјавување се користи како едноставен начин за проверка на чувствата на учесниците пред затворање на работилницата. Важно за оваа активност е тоа што е едноставна и не одзема многу време.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- Зависно од активноста ќе има 10-15 луѓе

## МАТЕРИЈАЛИ

Во зависност од активноста може да се користат различни работи, пр. табла, хартија, маркери, самолепливи белешки итн.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

5 до 10 минути

# **ЧЕКОР ПО ЧЕКОР** (ГЛАВНА СОДРЖИНА + ОРГАНИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА ВО ТОА ВРЕМЕ)

Пример на активност за опуштање е:

- Еден Збор Пред Заминување е активност за одјавување, која се користи за да се потврдат чувствата на сите пред да се затвори ретроспективата. Најчесто, тоа е одличен момент за луѓето да ги споделат своите чувства, особено кога биле многу ентузијастички расположени за време на ретроспективата.

- Ако некој го користел крстот како активност на загревање (види погоре), тогаш добра активност за опуштање би можела да биде да се повтори вежбата, и да се види дали учесниците развиле различни чувства после состанокот, на пример, ако наместо досадно или збунето сега избрале да бидат возбудени.

**Совети за обучувачот**

Реализацијата на уште една забавна гејминг активност на крајот, ги остава учесниците со чувството дека има нешто поразлично во овие работилници, и постои тенденција да ги навлече да учествуваат и во следните проекти.

# 3.8 ПАНЕЛ WE & US

**На прв поглед...**

Оваа дизајнирана иницијатива ја следи целта да ги одржи младите во давање соодветна формулација на нивните потреби, да ги прикажат на вистинскиот објект (креатори на политики и засегнати страни).



## ИМЕ НА АКТИВНОСТА

**We & Us панел**

## ВИД НА АКТИВНОСТА

Дигитална активност. Ниво: локално, регионално и национално.

## ЦЕЛИ

- Да се идентификуваат заедничките младински приоритети на заедницата на национално ниво, или ниво на заедницата преку процес на учество;
- Да се стимулира освртот и активното учество на корисниците, на теми поврзани со секојдневниот живот на младите;
- Да го свртат вниманието на креаторите на политики кон младинските приоритети во заедницата, и да побараат од нив да направат напори за нивно преточување во конкретни мерки и политики;
- Да се вреднуваат претставниците на "младинските лидери" на ниво на заедницата;
- Да развијат вештини поврзани со лидерство, истражување, анализа на податоци, координација, комуникација.

## КРАТОК ОПИС

Благодарение на панелот We & Us, 10 млади ќе можат да спроведат истражување на 10 теми од нивни интерес. За да го направат тоа, тие ќе мора да дизајнираат алатка која ќе биде од корист за ова, како и да го рашират истражувањето и да соберат репрезентативни информации. Конечната цел ќе биде да се работи на извештај кој го сумира целиот процес и резултатите од истражувањето. Последната задача ќе биде да се состанат (онлајн или физички) со креаторите на политики специјализирани за темата, и да отворат дискусија со нив.

## БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ/ЦЕЛНА ГРУПА

- 10 млади на возраст од 18+ години (научна комисија). Овие млади мора да бидат заинтересирани за социјално истражување
- 500 млади на возраст од 14+. Тие ќе бидат неопходни за истражувањето и ќе го искажат своето мислење преку онлајн истражување.
- Креатори на политики: креаторите на политики кои ќе бидат претставени како резултат на истражувањето. Тие треба да бидат специјализирани за најмалку една од 10-те теми идентификувани од младите.
- Партнерски организации (2 луѓе по организација партнер)

## МАТЕРИЈАЛИ

Дигитална платформа за состаноци како што е Zoom
Дигитални социјални простории како "wonder.me"
Дигитална алатка за истражување како "Google survey" или "Survey Monkey"
Веб-страната/платформата за складирање на истражувања и теми на NEUEYT
Веб-страна
Масивна промоција на социјалните медиуми
YouTube/Vimeo
И на крајот билтен

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

12 месеци

# ЧЕКОР ПО ЧЕКОР

Претходна работа (две сесии по 90мин.):

- Во првата пилот фаза од овој проект три од партнерските организации ќе ги развијат овие активности. Пред почетокот на М1, ќе се одржат два онлајн состаноци со цел да се разговара за следниве елементи:

o Да се одлучува за управниот одбор: 2 лица по организација партнер

o Да се воспостави отворениот повик кој ќе биде направен за регрутирање на младите, како и барањата (да бидат 18+, да бидат заинтересирани за истражување итн.)

o Создавање на упатството со методологијата за започнување на анкетата на 10-те теми од страна на младите. Ова ќе биде презентирано и олеснето од страна на управниот одбор, за време на Активација на научната комисија.

o Создавање на микрофилм, корисен за младите за пополнување на деталите од 10-те теми.

o Работа на иницијалниот распоред и содржината на извештајот: (резиме, вовед, употребена методологија, создадени алатки, собрани податоци, анализа на податоците и заклучок).

- Следните чекори од проектот ќе бидат разгледани од страна на сите членови на управниот одбор.

## МЕСЕЦИ 1-2

**1. РЕГРУТИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ (месец и половина)**

Ќе има отворен повик преку социјалните медиуми и меѓучовечки контакти, со цел да се регрутираат 10 млади (приближно) кои ќе ја сочинуваат главната работна група на оваа иницијатива. Постојат некои барања кои ќе треба да бидат исполнети (пожелно е да студираат на некој универзитет, да покажат интерес за објавување на трудови поврзани со оваа активност...).

**2. АКТИВИРАЊЕ НА НАУЧНАТА КОМИСИЈА (крајот на вториот месец)**

Во текот на неделата ќе се одржат две состаноци на Zoom (по 75мин.), со цел да и се додели мандатот на научната комисија. Тоа ќе биде прв пат младите да се "видат" и да се состанат со управниот одбор.

Тие ќе разменат контакти за потенцијална соработка во подоцнежните чекори од овој проект. Управниот одбор ќе:
о Ја активира научната комисија.
о Им објасни на младите што се очекува од нив, и за различните чекори на проектот.

- Нацртот на извештајот (поединечно, во парови или во група) ќе зависи од младите, но управниот одбор ќе олеснува во насока на методологија која ќе се следи (ако сакаат).
- Научниот одбор ќе биде достапен во секој момент од проектот за поддршка или помош.

## МЕСЕЦИ 2-3-4

**3. ПЕРИОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ**
- 3 месеци научната комисија ќе работи на дефинирањето на деталите од планот и посебно за: истражувачкиот пристап и процесот, предметот на истражувањето, алатката за собирање податоци, известувањето, категоризација на темите, прикажувањето на конечните резултати. Целта е да се идентификуваат околу 10 актуелни теми и приоритети кои се сметаат за високи релевантни од страна на младите, и за кои треба да се дискутира со креаторите на политики како на локално, така и на национално ниво.
- Ќе им биде дозволено да работат во тимови или индивидуално. Микрофилм, претходно изработен од партнерската организација, ќе им биде предаден со цел да им помогне да ги сумираат податоците. Тие ќе треба да одлучат дали сакаат да го користат. Иако може да работат поединечно или во тимови, тие мора да се состанат на крајот, и да ги одредат најдобрите теми, бидејќи не треба да бидат во голем број. Покрај тоа, ќе остане на младите на возраст од 14+ години да го завршат истражувањето, и да одлучат за 10-те теми.
- Секоја 3-та недела, ќе има дополнителен состанок помеѓу управата и научната комисија. Со ова ќе се изврши притисок врз младите, и ќе гарантира постојана работа од научната комисија. Овие онлајн состаноци нема да траат повеќе од 1 час.
- На крајот од 3-те месеци, 10 (5 на локално и 5 на национално ниво) или повеќе теми ќе бидат избрани од страна на младите. Потоа тие ќе ги испратат микрофилмовите (доколку се користат) до научната комисија. Откако ќе се реализира истражувањето, тие ќе мора да состават анкета која потоа ќе ја проследат до младите за да ги одберат 10-те теми според нивното мислење.

## МЕСЕЦ 5

**4. СПИСОК СО КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ**

- Откако управниот одбор ќе го добие списокот на теми од научната комисија, тој ќе ги прегрупира заедничките теми и ќе почне да создава список на потенцијални учесници, локални власти или креатори на политики специјализирани на тие теми.
- Кога ова ќе биде завршено, управниот одбор ќе ги контактира, преку леток ќе го појасни проектот, и ќе го наведе вистинскиот момент за отпочнување на активностите.
- Исто така, ќе има предлози и покани до креаторите на политики да учествуваат и соработуваат со младите. Доколку се заинтересирани за тоа, ова ќе биде важно и корисно за управниот одбор да почне да ја разгледува агендата, конечните датуми за настанот итн.

**5. СОЗДАВАЊЕ НА АЛАТКА/И ЗА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ**

- За да се соберат мислењата од различни млади (14 години) на избраните теми, младите треба да се обидат и да смислат постоечка или нова алатка која ќе ја користат за да дојдат до податоците. (Примери: Survey Monkey, Google Forms итн.).
- Тие ќе имаат на располагање еден месец да се состанат онлајн или со физичко присуство, и да одлучат за алатката која ќе ја користат, и содржината која ќе биде прикажана на избраната алатка (прашања за да се дознае мислењето на младите за различни теми).
- Истовремено, тие ќе состават и список на можни начини за споделување на анкетата: социјалните медиуми, листа на мејлови, лични контакти итн.
- Откако ќе биде изработена алатката со содржината, управниот одбор ќе ја испроба, ќе предложи промени и ќе ја одобри. Ова ќе биде направено кон крајот на М5.
- Управниот одбор ќе остане на располагање во секое време, и ќе учествува во распространувањето на комплетираната алатка со цел да се добијат што е можно повеќе резултати.

Целната група се млади на возраст од 14+ години.

## МЕСЕЦИ 6-7

**6. СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ НА ОНЛАЈН ОСНОВА**

- Откако алатката (анкетата) ќе биде одобрена од управниот одбор, младите ќе имаат на располагање 2 месеци за да ја споделат анкетата.
- Ќе мора да се обидат да стигнат до 500 луѓе на возраст од 14+ години. Покрај користењето на нивниот список со контакти, управниот одбор ќе ги поддржи, и исто така ќе работи на распространување на анкетата.

- На од прилика две недели, ќе мора да ја проверуваат бројката на луѓе кои одговориле, и да им испратат потсетник на оние кои сеуште не ја пополниле анкетата.

## МЕСЕЦИ 8-9

**7. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА 5 локални + 5 национални ТЕМИ ОЗНАЧЕНИ КАКО ПРИОРИТЕТ ПРЕД ДРУГИТЕ**

- Во текот на овие два месеци работа, младите ќе продолжат да работат индивидуално или во парови на 10-те избрани теми кои произлегоа од анкетата. Тие ќе го следат образецот на извештајот кој управниот одбор ќе го олеснува, а во кој ќе мора да презентираат:

а) Кратко резиме
б) Вовед
в) Избраната методологија
d) Создадените алатки
e) Собраните податоци
f) Анализата на податоците (овие два месеца ќе бидат особено фокусирани на оваа точка)
g) Заклучокот

- На секои 2 недели ќе се одржува онлајн состанок помеѓу 2-те комисии со цел да се следи еволуцијата на извештајот. Управниот одбор ќе биде достапен во секое време.

**8. КОНТАКТИРАЊЕ СО РЕЛЕВАНТНИТЕ КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ И УЧЕСНИЦИ (М8)**

- Откако ќе се започне со подготовка на извештаите, управниот одбор ќе ги контактира избраните креатори на политики, и ќе предложи различни места и датуми за размената: работилници, онлајн состаноци, физичка дебата итн. Ова ќе биде направено 4 месеци пред почетокот на настаните.

- Истовремено, управниот одбор ќе започне со резервирање на работните локации каде што ќе се реализираат овие активности.

## МЕСЕЦИ 9-10

**8.УРЕДУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ВО ФОРМА НА ТЕКСТУАЛНИ ДОКУМЕНТИ И ВИЗУЕЛЕН/ВИДЕО ДОКУМЕНТ СО СУМИРАЊЕ НА АНАЛИЗИРАНИТЕ ПОДАТОЦИ И КОМЕНТАРИТЕ/ПРЕДЛОЗИТЕ/ПРОБЛЕМИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА СЕКОЈА ОД ИЗБРАНИТЕ ТЕМИ**

- Откако извештајот ќе биде завршен од научната комисија, и ќе биде разгледан од страна на управниот одбор, последниве ќе го прилагодат извештајот според претходно подготвениот распоред.
- Научната комисија, исто така, ќе има задача да креира визуелно или кратко видео кое ја сумира содржината на конечниот извештај. Младите ќе одлучат како и во кој формат да го направат ова. Сепак, овој дел нема да биде задолжителен.
- Ќе се одржи и врсничка рецензија. Секоја организација партнер мора да се обрати до еден или двајца млади луѓе од нивното здружение (тоа може да бидат и волонтери). Потоа, тие ќе го споделат со нив конечниот извештај и/или видеото и ќе им го постават следното прашање "Дали се пронаоѓате себеси во овие теми?". Нивното мислење ќе биде корисно и важно во конечната проценка.

**9. ПОСЛЕДНИ ПОДГОТОВКИ ЗА НАСТАНОТ/ИТЕ**

- Завршните финеси за прикажување на видеата, состанокот помеѓу комисиите итн. Ќе се одржи за време на последниот месец.
- Конечниот извештај и/или видеата ќе бидат испратени до креаторите на политики кои се согласија да учествуваат на настанот(ите).

## МЕСЕЦИ 11-12

**10. ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИЗВЕШТАИТЕ ДО ИЗБРАНИТЕ КРЕАТОРИ НА ПОЛИТИКИ (НА ЛОКАЛНО И НАЦИОНАЛНО НИВО). КОМИСИЈАТА ЌЕ ГИ ИДЕНТИФИКУВА НАЈДОБРИТЕ АЛАТКИ ЗА ПРЕЗЕНТАЦИЈА КАКО ШТО СЕ КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ОНЛАЈН ГРУПАТА ЗА ДИСКУСИЈА, РАБОТИЛНИЦАТА, ВЕБИНАРОТ, ИТН.**

- По претходно договорените состаноци, настани, работилниците итн., научната комисија, управниот одбор и младите ќе бидат поканети да учествуваат и да уживаат во дискусиите.

**11. РАСПРОСТРАНУВАЊЕ НА ДОМУМЕНТИТЕ СО ПОЛИТИКИТЕ (ДОКУМЕНТИ И ВИДЕА)**

Распространувањето ќе се направи преку различни алатки како што се платформата NEUEYT и на различните партнери, масовно рекламирање преку социјалните медиуми, билтен...

**12. СОЗДАВАЊЕ НА КУСА АНКЕТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ПЕРЦЕПИРАНАТА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА НА МЛАДИТЕ ЗА ТОА КАКО ИЗВЕШТАЈОТ ПРАВИЛНО ГИ ИНТЕРПРЕТИРАПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ. СИСТЕМОТ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА МОРА ДА БИДЕ АКТИВИРАН ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА И ИСПРАТЕН ОНЛАЈН ЗА НАЈОБЕМНАТА МЛАДИНСКА РЕВИЗИЈА. УРЕДУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ?**

- Ќе се употреби истата евалуација што ќе ја користат останатите партнери.

**13. СЕ ОД ГОРЕНАВЕДЕНОТО ЌЕ СЕ РАШИРИ И ВАЛОРИЗИРА ПРЕКУ НАШИОТ ОНЛАЈН ПРОЕКТ И МЕДИУМСКИТЕ КАНАЛИ**

**Совети за обучувачот**

За следниве навестувања треба да се погрижат партнерите кои го олеснуваат процесот:

• Да се возможи што е можно поголема автономија на истражувачката комисија во реализацијата на истражувачкиот дел, видовите алатки кои треба да се користат, процедурата за прибирање податоци итн.
• Сепак, партнерите ќе го олеснат ангажманот на околу 500 млади, со собирање податоци преку канали кои се однесуваат на капацитетите на проектот. Истото важи и за идентификацијата на креаторите на политики, учесниците и најдобрите поставки во кои треба да се одржи панел дискусијата и презентациите.
Сметајте го процесот како интервентна акција, односно. додека се собираат податоци/информации за промовирање на мотиви за промена/вклученост во име на младите учесници.

# 4 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА



*Подолу можете да ја најдете листата на дела или документи од различни автори кои биле користени или консултирани за да се напише нашата Глобална рамка на иницијативи.*


1. A  Union of Equality: Gender Equality Strategy 2020-2025. European Commission. March 2020
2. Raising opportunities for Young people in rural and remote areas. Council of the EU. May 2020
3. Resolution on the European Youth Strategy 2019-2027 – Adoption

Co-funded by
the European Union

YOUTH DIGITAL PARTICIPATION NEUEYT

# ПАРТНЕРИ НА ПРОЕКТОТ

GLOCAL FACTORY

e-trikala

AGDER County Council

НОВА порака СТРУГА

pistes solidaires

HUB NICOSIA

FO.R.I.S.




## Потребни ви се повеќе информации за NEUEYT проект?

Вебсајт
**www.e-participationyouth.eu**

Facebook страница
**facebook.com/neueyt.youth**

Email
**info@glocalfactory.com**

Instagram страница
**facebook.com/neueyt.youth**